Professor Mirjana Kochova is a pediatrician with sub-specialization in pediatric endocrinology and medical genetics. She is a professor of pediatrics and human genetics at the Medical Faculty. She has won the Lesser-Fulbright scholarship on two occasions, through which she performed cytogenetic research in leukemia (Buffalo, New York 1983/84) and the field of endocrinology and genetics (genetics of diabetes, endocrine projects related to congenital adrenal hyperplasia and sexual ambivalence and immunogenic projects related to transplant pancreatic beta cells) in which she was visiting associated professor at the University of Pittsburgh (1991/1994). Dr. Kochova is head of the Department of Endocrinology and Genetics at the University Clinic for Children's Diseases in Skopje and Head of the genetic laboratory that includes state screening programs. On two occasions, she was director of the Clinic for Children's diseases and was also chair of Pediatrics and head of the Department of Genetics at the Medical Faculty.

As principal investigator and co-investigator participated in 21 scientific project of which 16 are international. Member of publishing boards of several medical journals and reviewer of several international pediatric journals. Author of 2 books, 2 monographs and 9 book chapters. Author and coauthor of over 250 papers of which 94 of MEDLINE, and some in journals with high impact factor (N Engl J Med, Lancet, Am J Med Genet, JCEM). Her articles quotation by others exceeds 4,000 citations.

Моногенски дијабетес

Моногенскиот дијабетес (МД) засега околу 1-2 % од сите пациенти со дијабетес, но често по грешка се дијагностицира како дијабетес тип 1(ДМ1) или дијабетес тип 2 (ДМ2), па неговата вистинска преваленција некои студии ја оценуваат како 5%. МД има карактеристики на ДМ1 и ДМ2 па од таму произлегуваат грешките во клиничката дијагноза.

Има неколку групи на МД и тоа: неонатален дијабетес дијагностициран кај новороденчиња и доенчиња до 6 месеци, MODY (Maturity onset diabetes in the young) што се јавува во доцното детство или кај младите, дијабетес поврзан со синдроми со познати генски мутации како синдромите на Wolphram и Walcott Alisson, генски мутации на инсулинскиот ген и инсулинскиот рецептор, како и мутации на митохондријални гени.

Неонаталниот МД може да биде транзиторен (абнормален импринтинг на хромозомот 6q24 (ZAC и HYMA1 генски мутации) кој трае неколку месеци и траен кој е најчесто поврзан со KCNJ1 1 генски мутации, а го засегаат (KIR 6.2) ATP каналот на панкреасната клетка. Трајниот се лекува со сулфонил уреа со што се постигнува долгорочна и стабилна контрола без компликации.

MODY групата дијабетес содржи 11 типови, сите со специфични карактеристики. MODY 2 се должи на мутации на генот за гликокиназа, односно овие мутации го нарушуваат клеточниот "сензор" за гликоза, па инсулинската секреција отпочнува при повисоки гликемии (7-9 ммол/л). Обично не е потребна терапија. MODY 3, пак, може да отпочне со класична слика на дијабетес, но одлично може да се држи под контрола со препарати на сулфонил уреа. Предизвикува многу помалку компликации во споредба со ДМ1 и ДМ2. Заедничка карактеристика на MODY типовите е што се наследни, се јавуваат главно во млада возраст, а инсулиноклеточните, GAD, IAA2 и антиинсулински антитела се негативни.

Точната генетска дијагноза на МД е важна заради соодветна терапија и подобар исход кај пациентите.

Monogenetic diabetes

Monogenic diabetes (MD) currently accounts for about 1-2% of all patients with diabetes but is often mistakenly diagnosed as type 1 diabetes (DM1) or type 2 diabetes (DM2), so its true prevalence is estimated by some as 5%. MD has the characteristics of DM1 and DM2, resulting in errors in the clinical diagnosis.

There are several MD groups: neonatal diabetes diagnosed in newborns and infants up to 6 months, MODY (Maturity onset diabetes in the young) that occurs in late childhood or in young people, diabetes associated with syndromes with known gene mutations such as Wolphram syndromes and Walcott Alisson, gene mutations of the insulin gene and the insulin receptor, as well as mutations of mitochondrial genes.

The neonatal MD may be transient (abnormal imprinting of the 6q24 chromosome (ZAC and HYMA1 gene mutations) that lasts for several months, and a permanent type that is most commonly associated with KCNJ1 1 gene mutations, affecting the (KIR 6.2) ATP channel of the pancreas cell. Treatment is with sulphonylurea, thus achieving long-term and stable control without complications.

MODY group diabetes contains 11 types, all with specific characteristics. MODY 2 is due to mutations in the glycokinase gene, that is, these mutations impair the cellular "glucose sensor", and insulin secretion begins at higher glycaemia (7-9 mmol / l). Usually no therapy is needed. MODY 3, on the other hand, can start with a classic picture of diabetes, but it can be greatly controlled by sulfonylurea preparations. It causes much less complications compared to DM1 and DM2. A common feature of MODY types is that they are hereditary, occur mainly in young age, and insulin-like, GAD, IAA2 and anti-insulin antibodies are negative.

The exact genetic diagnosis of MD is important for proper therapy and a better outcome in patients.



Професор Leszek Czupryniak

Професорот Leszek Czupryniak е научник-истражувач кој се занимава претежно во клинички студии за патогенезата и третманот на тип 2 дијабетес мелитус, хипертензија и дебелина, со особен интерес во механизмите одговорни за нивниот соживот. Тој, исто така, ги испитува кардиоваскуларните фактори на ризик кај дијабетес и обезните субјекти, вклучително и студии на ендотелна дисфункција in vivo и синдром на опструктивна ноќна апнеја.

Во моментов има е професор на Одделот за интерна медицина и Дијабетелогија, при Медицинскиот универзитет во Варшава, Полска. Дипломирал на Медицинскиот универзитет во Лоѓ, Полска, во 1994 година, специјалист е по интерна медицина и дијабетологија, а неговата докторска дисертација за хомоцистеинскиот метаболизам кај тип 2 дијабетес ја завршил во 2001ва година, а неговата тема на хабилитација за регулирање на крвниот притисок кај дијабетес тип 2 и дебелина во 2008ма година.

Неговата медицинска и истражувачка обука вклучува стипендија или курсеви на Проспективен центар за дијабетес во Обединетото Кралство (Оксфорд центар за дијабетес, ендокринологија и метаболизам) во Оксфорд (Велика Британија), Мастрихт (Холандија), Кралскиот колеџ, Лондон (Велика Британија), Мајами (САД).

Тој е поранешен претседател на Дијабетес Полска (професионален научна полска асоцијација за дијабетес) и член на Извршниот комитет на Европската асоцијација за проучување на дијабетесот (ЕАСД), служејќи на функцијата претседател на Комитетот за постдипломско образование на ЕАСД. Од 2004 година тој организира 2-годишен Минковски постдипломски курс по клинички дијабетес во Вроцлав (Бреслау) во Полска.

Professor Leszek Czupryniak

Professor Leszek Czupryniak is a physician researcher, involved mostly in clinical studies on pathogenesis and treatment of type 2 diabetes mellitus, hypertension, and obesity, with particular interest in mechanisms responsible for their coexistence. He has also been investigating cardiovascular risk factors in diabetes and obese subjects, including endothelial dysfunction studies in vivo and obstructive sleep apnea syndrome.

He currently holds a post of professor at the Department of Internal Medicine and Diabetology, Warsaw Medical University. He graduated from Medical University of Lodz, Poland, in 1994, is a specialist in internal medicine and diabetology, completed his doctorate thesis on homocysteine metabolism in type 2 diabetes in 2001, and habilitation thesis on blood pressure regulation in type 2 diabetes and obesity in 2008.

His medical and research training included scholarship or courses at the United Kingdom Prospective Diabetes Study centre (Oxford Centre for Diabetes, Endocrinology and Metabolism) in Oxford (UK), Maastricht (the Netherlands), King's College, London (UK), Miami (USA).

He is past president of Diabetes Poland (professional scientific Polish diabetes association) and a member of the Executive Committee of the European Association for the Study of Diabetes (EASD), serving the post of Chair of the EASD Postgraduate Education Committee. Since 2004 he has organized biannually Minkowski Postgraduate Course in Clinical Diabetes in Wroclaw (Breslau) in Poland.

Предавањето на професор Лешек Чупринијак ќе биде за: **Новини околу канцерот, дебелината и антидијабетичните лекови**

Professor Leszek Czupryniak lecture is: **Update on cancer, obesity, diabetes and antidiabetic drugs**



Професор Antonio Ceriello

Професорот Antonio Ceriello е раководител на Одделот за истражување на дијабетес и кардио-васкуларни заболувања на Институтот за биомедицински науди - August Pi i Sunyer (IDIBAPS), Барселона, Шпанија, како и шеф на Одделот за дијабетес во IRCCS MultiMedica, Милан, Италија. До 2006 година бил шеф на Катедра за ендокринологија и директор на Факултетот за геријатрија на Универзитетот во Удине, Италија, а од 2006 до 2009 година професор по ендокринологија на Универзитетот во Ворвик, Велика Британија. Од 2004 до 2006 година, тој исто така бил визитинг професор по интерна медицина на универзитетот Оклахома Сити, САД.

Професор Antonio Ceriello има објавено голем број на дела од областа на дијабетесот со над 400 оригинални трудови и неколку поглавја од книги. Неговиот сегашен h-индекс е 78. Професор Ceriello е консултант на Националниот институт за здравство, САД, за програмата на истражувањето 2003-2005, поврзана со кардиоваскуларни болести и тип 1 дијабетес и е член на комитетот за пишување на насоките за "Акутна хипергликемија и акутни коронарни синдроми" во издаваштво на американската асоцијација за срце.

Тој, исто така, претседаваше со комитетот за развој на интернационалната федерација за дијабетес (IDF) во 2008та година, како и во 2011та година зкога беше одговорен за ажурирање на "Упатство за справување со постпрандијална гликоза". Во моментов, е претседател на Европската студиска група за дијабетес и кардиоваскуларни болести на Европската асоцијација за проучување на дијабетес (EASD). Рецезент е на Европските упатства за превенција на кардиоваскуларни заболувања во клиничка пракса во 2012та година, како и за Европското здружение за кардиологија (ESC) 2013та за дијабетес, пред-дијабетес и кардиоваскуларни болести развиени во соработка со ЕАСД. Од 2009та до 2012та година е член на одборот на IDF Европа и консултант на Европската комисија за "Дијабетес како модел за управување со хроничната нега".

Бил и помошен уредник на "Грижа за дијабетес ", од 2003та до 2011 та година помошен уредник на "Дијабетична медицина", од 2005 та до 2016 та година. Од 1 јули 2016 година е назначен за главен уредник на "Дијабетес - истражување и клиничка пракса" официјалното издание на IDF.

Проф. Antonio Ceriello во 1984та година е добитник на "Италијанската годишна награда за млад истражувач", во 1990 та година добитник на "Националната награда за истражување на патофизиологијата на дијабетични компликации", додека во 1998 та година на "Националната награда на Италијанско здружение за дијабетологија " и во 2004 та година доибитник на " Camillo Golgi "на EASD. Во моментов

служи како судија на Европската комисија за програмата за грантови во 2017 та година во врска со дијабетесот на програмата ХОРИЗОН 2020.

Professor Antonio Ceriello

Professor Antonio Ceriello is Head of the Research Department on Diabetes and CVD at the Institut d'Investigacions Biomèdiques August Pi i Sunyer (IDIBAPS), Barcelona, Spain and Head of Diabetes Department at IRCCS MultiMedica, Milan, Italy. Until 2006 he was Chair of Endocrinology and Director of the School of Specialty in Geriatrics at the University of Udine, Italy, and from 2006 to 2009 Professor of Endocrinology at the University of Warwick, UK. From 2004 to 2006 he also was Adjunct Professor of Internal Medicine at the Oklahoma City University, U.S.A.

Professor Ceriello has published widely in the area of diabetes with over 400 original papers and several book chapters. His current h-index is 78. Prof. Ceriello has been consultant of the National Institutes of Health, U.S.A. for the program of the research 2003-2005, related to cardiovascular disease and type 1 diabetes, and member of the writing committee of the American Heart Association of the guidelines on "Acute Hyperglycemia and Acute Coronary Syndromes".

He has also chaired the International Diabetes Federation (IDF) committee for the development in 2008, and in the 2011 for the update of "Guideline for Management of Postmeal Glucose ". Currently, is the President of the European Association for the Study of Diabetes (EASD) Study Group on "Diabetes and Cardiovascular Diseases". He also served as Review of the 2012 "European Guidelines on Cardiovascular Disease Prevention in Clinical Practice" and for the 2013 "European Society of Cardiology (ESC) guidelines on diabetes, pre-diabetes, and cardiovascular diseases developed in collaboration with the EASD ". From 2009 to 2012 he has been member of the Board of the IDF Europe and Consultant of the EU Commission for the Framework "Diabetes as a model of chronic care management". He also served as Associate Editor of *"Diabetes Care"* from 2003 to 2011 and Associate Editor of *"Diabetic Medicine*" from 2005 to 2016. From July 1st 2016 he has been appointed as Editor in Chief of of *"Diabetes Research and Clinical Practice*", the official IDF journal.

Prof. Ceriello is the winner in the 1984 of the "Italian Annual Award for Young Researcher", in the 1990 of the "National Award for Research on the Pathophysiology of Diabetic Complications", in the 1998 of the "National Award Italian Society of Diabetology" and in the 2004 of the "Camillo Golgi Prize" of the EASD. Currently is serving as Referee of European Commission for the 2017 grant program regarding diabetes of the HORIZON 2020 Program.

Ренесансата на гликемологијата

Пред неколку години, беше предложено дека дијабетесот може да биде "кардиоваскуларна болест". Овој концепт се базира на докази дека контролата на хипертензијата и дислипидемијата може да биде поефикасна од контролата на хипергликемијата. Заклучокот е дека вистинската потреба да се постигне оптимална гликемиска контрола ја изгубила својата привлечност. Сепак, концептот за контрола на гликемијата е строго корелиран со нивото на гликолизиран хемоглобин (HbA_{1c}), интегрираната мерка на средната гликемија во последните 2-3 месеци, додека неодамнешните докази сугерираат дека концептот на хипергликемија е длабоко променет, а е посоодветно да се зборува за различни видови или аспекти на хипергликемија. Модерен, ажуриран пристап за контрола на гликемијата кај луѓето со дијабетес, всушност, мора да се фокусира не само на постигнување и одржување на оптималните нивоа на HbA_{1c} што е можно побрзо, туку и за да се добие овој резултат со намалување на постпрандијалната хипергликемија и гликемичната варијабилност, избегнувајќи хипогликемија.

The Renaissance of Glycaemology

Some years ago, it was proposed that diabetes may be a "cardiovascular disease". This concept was based on evidence that the control of hypertension and dyslipidemia could be more effective than the control of hyperglycaemia. The conclusion is that the real need to reach optimal glycaemic control has lost its appeal. However, the concept of glycemic control has been strictly correlated to levels of glycated hemoglobin (HbA_{1c}), the integrated measure of the mean glycaemia over the last 2-3 months, while recent evidence suggests that the concept of hyperglycaemia has profoundly changed, and it is more appropriate to speak of different kinds or aspects of hyperglycaemia. A modern, updated approach to glycaemic control in people with diabetes, in fact, must focus not only on reaching and maintaining optimal HbA_{1c} levels as soon as possible, but to obtain this result by reducing postprandial hyperglycaemia and glycaemic variability, avoiding hypoglycaemia.



Професор Nebojša M. Lalič

Nebojša Lalič е лекар, интернист и ендокринолог-дијабетолог, кои своите активности пред се ги фокусира на клиничката нега, истражување и едукација во областа на дијабетесот. Д-р Лалиќ работи како дијабетолог веќе 30 години. Тој бил визитинг доктор во Joslin Дијабетес центарот во Бостон, САД, а во моментов е директор и шеф на Одделот за дијабетес при Универзитетската болница во Белград, која пак е референтен центар за дијабетес во Србија. Професор Lalič е професор по интерна медицина и ендокринологија, како и Декан на Факултетот за медицина на Универзитетот во Белград. Тој е претседател на Националната експертска комисија за дијабетес и уредник на националните насоки за дијабетес. Тој има над 700 истражувачки публикации од областа на дијабетесот, од кои 80 се во списанија во peer-преглед. Тој е полноправен член на Српската академија на науките и уметностите.

На меѓународно ниво, тој служел како член на едукативниот одбор на Интернационалната Федерација за Дијабетес (IDF), бил дел од едукативни курсеви и работилници во Европа, Азија и Африка, а учествувал и како член на групата на IDF која пишувала насоки за постпрандијална гликоза во 2011-та година. Бил дел од проекти поддржани од IDF проектите - DE -PLAN, IMAGE (тип 2 дијабетес превенција) и MANAGE CARE (хроничен третман на дијабетес). Професор Лалиќ во моментов е член на одборот на IDF Европа од Србија.

Professor Nebojša M. Lalič

Nebojša Lalič is a physician, internist and endocrinologist-diabetologist by training who focused his activities on clinical care, research and education in diabetes. Dr. Lalič has been engaged in daily clinical practice as a diabetologist for 30 years. He was visiting scientist at Joslin Diabetes Center, Boston, USA, and at present is Director and Head of the Diabetes department at the University Hospital in Belgrade, which is the reference center for diabetes in Serbia, as well as Professor of Internal medicine and Endocrinology and Dean of the Faculty of Medicine, University of Belgrade. Dr. Lalič is chairman of the National Expert Committee for Diabetes and editor of national guidelines in diabetes. He has over 700 diabetes research publications, 80 of them in peer-review journals. He is a full member of the Serbian Academy of Sciences and Arts.

At the international level, he served as faculty member at IDF-supported educational courses and workshops in Europe, Asia and Africa, and as member of the Writing Group for the IDF Guidelines for Postmeal Glucose in 2011. He participated in IDF-supported projects DE-PLAN, IMAGE (type 2 diabetes prevention) and MANAGE CARE (chronic diabetes care). He currently serves as an IDF Europe board member from Serbia.

Предавањето на професор Nebojša M. Lalič ќе биде за: **Поврзаноста помеѓу гликемиската варијабилност и хипогликемиите**

Pofessor Nebojša Lalič's lecture is: **Link between glycemic variability and hypoglycemia**



Професор Katarina Lališ

Професор Katarina Lališ работи на универзитетската клиника за ендокринологија во Белград, која пак е референтен центар за дијабетес во Србија. Шеф е на одделот за липидни нарушувања и кардиваскуларни компликации при дијабетес.

Дипломирала на факултетот за медицина во Белград во 1987ма година, магистерската теза од полето на ендокринологијата одбранила во 1997ма година, а докторирала во 2002ра година, исто така од областа на ендокринологијата. Со титулата специјалист по ендокринологија се здобила во 1995та година. Во 2007ма година е избрана за професор по интерна медицина на медицинскиот факултет, при универзитетот во Белград.

Покрај работа во системот на едукација, професор Katarina Lališ е активна и во полето на истражувачка работа. Имено, таа е автор и ко-автор на голем број на трудови во индексирани национални и интернационални списанија.

Professor Katarina Lališ

Professor Katarina Lališ works at the University Clinic of Endocrinology in Belgrade, which is a reference center for diabetes in Serbia. She is the head of the department for lipid disorders and cardiovascular complications in diabetes.

She graduated from the Faculty of Medicine in Belgrade in 1987, she defended her master's thesis in the field of endocrinology in 1997, and received her doctorate title in 2002, also in the field of endocrinology. She is a specialist in endocrinology since 1995. In 2007 she was elected professor of internal medicine at the medical faculty at the University of Belgrade.

Besides working in the education system, Professor Lališ is active in the field of research work. Namely, she is the author and co-author of a large number of papers in indexed national and international journals

Предавањето на професор Katarina Lališ ќе биде за: **Дијабетична дислипидемија: причини и последици**

Professor Katarina Lališ's lecture is: **Diabetic dyslipidemia: causes and consequences**



Вонреден професор Đuro Macut

Đuro Macut е вонреден професор по интерна медицина и ендокринологија на Медицинскиот факултет при Универзитетот во Белград, Србија. Дипломирал, завршил клиничка специјализација по интерна медицина и ендокринологија и добил докторски студии во истата институција. Бил дел од клиничките програми за усовршување во универзитетските болници во Болоња, Упсала и Оксфорд и ја завршил програмата за постдипломски студии по репродуктивна медицина на Универзитетот во Женева и Светската здравствена организација.

Д-р Đuro Macut во моментов е заменик-директор на Клиниката за ендокринологија, дијабетес и метаболни заболувања, Клинички центар на Србија и претседател на Организацискиот одбор за граници и иновации во медицината, Годишен симпозиум на Медицинскиот факултет при Универзитетот во Белград

Associate Proffesor Đuro Macut

Đuro Macut is Associate Professor of Internal Medicine and Endocrinology at the Faculty of Medicine, University of Belgrade, Serbia. He graduated, completed clinical specialization in internal medicine and endocrinology, and obtained PhD degree at the same institution. He was on clinical attachment programs at the University Hospitals in Bologna, Uppsala and Oxford, and completed postgraduate program in Reproductive Medicine from the University of Geneva and World Health Organization. Dr Macut is currently Deputy Director of the Clinic of Endocrinology, Diabetes and Metabolic Diseases, Clinical Center of Serbia, and President of the Organizing Committee of Frontiers and Innovations in Medicine, Annual Symposium of the Faculty of Medicine, University of Belgrade

Предавањето на професор Đuro Macut ќе биде за: **Полицистичен оваријален синдром: современ клинички пристап**

Associate Professor Đuro Macut's lecture is: **Polycystic ovarian syndrome: contemporary Clinical approach**



Асситент д-р Саша Јовановска Мишевска

Ассистент д-р Саша Јовановска Мишевска е специјалист по интерна медицина, супспецијалист по ендокринологија, директор на Универзитетската Клиника за ендокринологија, дијабетес и метаболички заболувања. Од 2017-та е доктор на медицински науки, со докторска дисертација од областа на ендокринологијата. Се јавува како автор и ко-автор на стручни и научни трудови во бројни национални и интернационални изданија, со активно учество на повеќе интернационални конгреси и работилници во земјата и во странство. Ко-инвестигатор била во неколку клинички студии од областа на дијабетесот. Д-р Јовановска Мишевска е активен член на повеќе интернационални здруженија, како EASD, и MAO, како и Потпретседател на Научното здружение на ендокринолози и дијабетолози на Македонија (НЗЕДМ).

Assistant dr. Sasha Jovanovska Mishevska

Ass. dr. Sasha Jovanovska Mishevska is a specialist in internal medicine, subspecialist in endocrinology and medical director of the University Clinic of Endocrinology, Diabetes and Metabolic Diseases in Skopje. Since 2017 she has a PhD in the area of endocrinology. Dr. Jovanovska Mishevska has authored and co-authored a large number of scientific articles in national and international medical journals, she has taken part of several international conferences and workshops in the country and abroad, and has been a co-investigator in several clinical studies in the field of diabetes. Dr. Jovanovska Mishevska is an active member of several international associations, EASD, and MAO, and currently holds the position of Vice President of Scientific association of Endocrinologists and Diabetologists of Macedonia.

Нови модалитети во дијагнозата на полицистичниот оваријален синдром

Полицистичниот оваријален синдром (PCOS) е едно од најчестите ендокрини нарушувања кај жените во репродуктивниот период кое се карактеризира со асоцијација на полицистични овариуми, хиперандрогенизам и хронична ановулација.

Синдромот е поврзан со значаен репродуктивен морбидитет, вклучувајќи ја неплодноста, нередовните менструални циклуси и зачестените абортуси, а подоцна во текот на животот и со бројни метаболни абнормалности како резултат на дисфункциите во инсулинското делување. И покрај хетерогеноста на PCOS, многубројните предложени модели за развитокот на синдомот го вклучуваат оваријалниот хиперандрогенизам како основна нишка, бидејќи базична константа кај PCOS е абнормалниот овариум кој ексцесивно секретира андрогени.

Во последниве дваестина години расте бројот на докази за улогата на антимилеријановиот хормон (AMH) во патофизиологијата на PCOS. Во излагањето ќе биде

даден осврт на оценката на дијагностичкиот потенцијал на АМН како маркер во дијагнозата кај пациентките со PCOS и неговата поврзаност со андрогените и индексите на инсулинска резистенција.

Големи пресечни студии укажуваат на висока сензитивност и специфичност за антимилеријановиот хормон во дијагнозата на полицистичниот оваријален синдром. Посебно, асоцијацијата на АМН со степенот на хиперандрогенизмот го позиционира методот како дополнителен маркер во дијагнозата на тежината на синдромот и неговата фенотипска презентација.

New diagnostic modalities for polycystic ovary syndrome

Polycystic ovary syndrome (PCOS) is among the most frequently observed endocrinologic dysfunctions of women in the reproductive period, characterized by association of polycystic ovaries, hyperandrogenism and chronic anovulation.

The syndrome is associated with important reproductive morbidity, including infertility, irregular menstrual cycles and increased abortion rate and numerous metabolic abnormalities later in life resulting from dysfunctions in the insulin action. Despite the heterogenicity of the syndrome, the numerous suggested models for the development of the syndrome include the underlying ovarian hyperandrogensim in the pathogenesis of PCOS.

In the past twenty years there has been an increasing number of evidence regarding the role of anti-müllerian hormone (AMH) in the impaired ovarian steroidogenesis in women with polycystic ovary syndrome. The research focuses on evaluation of the diagnostic potential of the anti-müllerian hormone as a marker in the diagnosis of the polycystic ovary syndrome and the association between AMH, androgens and indexes of insulin resistance in PCOS.

Numerous studies indicate high sensitivity and specificity if AMH in the diagnosis of PCOS. A point of interest is the association of AMH with the degree of hyperandrogenism, positioning this method as an additional marker for diagnosing the severity of PCOS phenotypic presentation.



Професор Azra Bureković, MD, PhD

Професор д-р Azra Bureković, работи на одделот за нуклеарна медицина и ендокринологија, при универзитетскиот клинички центар во Сараево (Босна и Херцеговина). Таа е специјалист по итна медицина, како и специјалист по интерна медицина - со супспецијализација по ендокринологијата и дијабетологијата. Во 2006-та година станала доктор на науки, а докторатот бил од областа на дијабетологијата. Проф. Azra Bureković во моментот е шеф на одделот за интензивна и пост-интензивна нега. Таа е и професор по интерна медицина на Универзитетот во Сараево. Активен член е на неколку домашни и меѓународни организации и има објавено голем број на оригинални статии. Во минатото, како и сега редовно учествува во клинички студии, а често е и поканет предавач на повеќе настани од областа на дијабетологијата.

Professor Azra Bureković

Prof. dr. Azra Bureković, works at the Department of Nuclear Medicine and Endocrinology, UKCS Sarajevo (Bosnia and Herzegovina). She is specialist of Emergency medicine, as well as specialist of internal medicine, with a subspecialty in endocrinology and diabetes. She has a PhD since 2006 in the area of diabetology. Prof. Bureković is currently the Head of Intensive and Post-intensive Care. In addition to this she is a Professor of Medicine at the University in Sarajevo. Prof. Bureković is a member of several national and international organizations and has published a number of original articles. She has been part of clinical studies and accepted many invited lectures in the area of diabetology.

Ран скрининг, дијагноза и третман на гестациски дијабетес

Бремените жени кои никогаш претходно немале дијабетес, но кои имаат високи нивоа на гликоза во крвта за време на бременоста, се вели дека имаат гестациски дијабет. Не се знае што точно предизвикува гестациски дијабетес, но постојат некои индиции. Плацентата го поддржува бебето, а хормоните од плацентата го помагаат развојот. Но, овие хормони го блокираат дејството на мајчиниот инсулин во нејзиното тело - односно доаѓа до појава на инсулинска резистенција. Отпорноста на инсулин го отежнува телото на мајката да користи инсулин, до тој степен што во текот на бременоста на мајката можеби ќе и треба и до три пати повеќе инсулин. Гестацискиот дијабетес започнува кога телото не е во состојба да го создаде и да го употребува целото количество на инсулин што му е потребено на телото во текот за бременост. Гестацискиот дијабетес обично се појавува приближно на половина од бременоста, бидејќи плацентата создава големи количини на “контра-инсулински” хормони. Жените без претходно дијагностициран дијабетес треба да направат скрининг во текот на 24^{та} - 28^{та} гестациска недела. Ге-

стациски дијабетес се дијагностицира ако било кој од следните три критериуми е исполнет: гликемија на гладно од 5,1mmolL или повисоко; после еден час од ОГТТ гликемија од 10,0 mmol/l или повисоко; и/или после 2 часа од тестот гликемија повисока од 7,5 mmol/l. Многу жени со гестациски дијабетес можат да постигнат задоволителни гликемиски нивоа преку правилна исхрана и вежбање. Регистриран нутриционист (диететичар) може да направи личен план за оброци, со што ќе се олесни контролата врз гликемијата, но ќе се задржи нивото на калории и хранливи материи за бебето што се развива. Вежбањето со умерен интензитет исто така се препорачува, освен ако физичката активност не е препорачлива за развитокот на бебето и здравјето на мајката. Истражувањата покажаа дека вежбањето може да им помогне на жените со гестациски дијабетес да имаат подобра контрола врз глукозата во крвта. Ако имате гестациски дијабетес, ќе сакате да разговарате со лекар за тоа дали вежбата е соодветна. Доколку промените во исхраната и вежбањето не се доволни за да се одржува нивото на гликемија на безбедно ниво, можеби ќе биде потребна терапија. Златен стандард е хуман инсулин; долготрајните инсулински аналози и оралните лекови обично не се препишуваат кај бремени жени од безбедносни причини. Жените кои земаат инсулин ќе треба почесто да ги следат нивоата на гликемија, со цел да се одредат соодветни во однос на оброците. Вообичаено, целта е да се задржи гликемијата под 5,2 mmol/l пред оброците, под 7,7 mmol/l на еден час по оброкот или 6,6 mmol/l два часа по оброкот. За да се намалат ризиците од компликации при пораѓај, лекарите најчесто артифициелно предизвикуваат контракции или се преминува на царски рез. Веднаш по раѓањето, новороденчето може да развие хипогликемија како резултат на вишокот циркулирачки инсулин и поради тоа потребно е внимателно да се следи. Откако ќе се роди бебето, се препорачува мајките да дојат во текот на првата година. Една неодамнешна студија покажа дека доењето за најмалку шест месеци го намалува ризикот за детето во текот на животот да стане обезно. Гестацискиот дијабетес треба да се реши веднаш по раѓањето. Ако нивоата гликемии се одржуваат повисок во текот на првите 6 до 12 недели по раѓањето на бебето, дијагнозата од гестациски дијабетес преминува во дијабетес тип 2. Ова се јавува кај околу 5-10% од случаите на гестациски дијабетес. Дури и ако гликемиите се вратат во нормала (според центрите за контрола на болести и превенција) жените кои имале гестациски дијабет имаат шанса 35-60% да развијат дијабетес тип 2 во следните 10 до 20 години. Значи, добра идеја е да се прави скрининг за дијабетес на секои три години кај жените кои имале гестациски дијабетес. Дополнително се препорачува одржување на нормална телесна тежина, јадење хранливи оброци и 30 минути дневно физичка активност.

Early screening, diagnosis and treatment of gestational diabetes

Pregnant women who have never had diabetes before but who have high blood glucose levels during pregnancy are said to have gestational diabetes. We don't know what causes gestational diabetes, but we have some clues. The placenta supports the baby, and hormones from the placenta help the baby develop. But these hormones

also block the action of the mother's insulin in her body. This problem is called insulin resistance. Insulin resistance makes it hard for the mother's body to use insulin. She may need up to three times as much insulin. Gestational diabetes starts when your body is not able to make and use all the insulin it needs for pregnancy. Gestational diabetes usually appears roughly halfway through pregnancy, as the placenta puts out large amounts of "anti-insulin" hormones. Women without known diabetes should be screened for gestational diabetes 24 to 28 weeks into their pregnancies. Gestational diabetes is diagnosed if any of these three criteria are met: Fasting glucose is 5,1 or higher, one-hour OGTT is 10,0 mmol/l or higher and two-hour OGTT is 7,5 mmol/l or higher. Many women with gestational diabetes are able to achieve blood glucose targets through diet and exercise. A registered dietitian can come up with a personalized meal plan that helps control blood glucose while still including enough calories and nutrients for a developing baby. Moderate-intensity exercise is encouraged for women with gestational diabetes during pregnancy, unless a medical condition makes physical activity dangerous. If changes in diet and exercise aren't enough to keep blood glucose at safe levels, medication may be required. The gold standard is human insulin; long-acting insulin analogs and oral medications aren't typically prescribed to pregnant women for safety reasons. Women taking insulin will need to monitor their blood glucose levels more often to determine appropriate doses and timing relative to meals. Typically, the goal is to keep blood glucose at or below 5,2 mmol/l before meals, 7,7 mmol/l an hour after a meal, or 6,6 mmol/l two hours after a meal. To reduce the risks of delivery complications, doctors may induce labor in women with gestational diabetes or deliver the baby through a cesarean section. Immediately after birth, the newborn can develop low blood glucose of excess circulating insulin and will need to be closely monitored. Once the baby is born, it's recommended that mothers breastfeed for the first year, if possible. A recent study showed that breast-feeding for at least six months lowers the risk that the baby will become a heavy child. Gestational diabetes should clear up soon after giving birth. If high blood glucose levels linger-screening should take place six to 12 weeks after the baby is born-the diagnosis is type 2 diabetes. This occurs in about 5 to 10 percent of gestational diabetes cases. Even if blood glucose levels do return to normal, women who've had gestational diabetes have a 35-60%chance of developing type 2 diabetes in the next 10 to 20 years, according to the Centers for Disease Control and Prevention. So it's a good idea to be screened for diabetes at least every three years and to take steps, such as avoiding overweight, eating nutritious meals, and exercising 30 minutes a day, to stay healthy-while watching your child grow up.



Ассистент д-р Ирфан Ахмети

Асс. д-р Ирфан Ахмети е интернист-ендокринолог, вработен на Универзитетска Клиника за ендокринологија, дијабетес и метаболички нарушувања, Скопје. Шеф на отсекот за дијабетично стапало. Претседател е на Националната комисија за дијабетес на Македонија и потпретседател на Научното Здружение на Ендокринолози и Дијабетолози на Македонија. Од 2017-та година е доктор на медицински науки, а докторската дисертација му беше од одлбаста на дијабетологијата. Член е на Меѓународната работна група за дијабетично стапало (IWGDF) од Македонија и е учесник на последните насоки за дијабетичното стапало од 2015 година во Хаг, Холандија. Посебно поле на интерес: тип 2 дијабетес, хронични компликации на дијабетес, дијабетично стапало, тироидни заболувања. Автор и коавтор е на околу 50 стручни трудови објавени во земјата и странство.

Assistant dr. Irfan Ahmeti

Ass. Dr. Irfan Ahmeti is a specialist in internal medicine and an endocrinologist, employee of the University Clinic of endocrinology, diabetes and metabolic disorders, Skopje. He is the Head of the Diabetic foot department at the Clinic. Currently, he is the president of the National diabetes committee of Macedonia, as well as vice-president of the Macedonian Association of endocrinologist and diabetlogists. Since 2017 he has a PhD in the area of diabetology. He is also a member of the International Working Group on diabetic foot and is a member of the latest guidelines for diabetic foot of 2015 in The Hague, Netherlands. His special field of interest are: type 2 diabetes, chronic complications of diabetes, diabetic foot, thyroid disease. Dr. Ahmeti is an author and co-author of 50 papers published in the country and abroad.

Влијанието на метаболните параметри врз дијабетичното стапало и дијабетичната бубрежна болес

Целта беше да се проценат метаболните параметри и поврзаноста помеѓу ризик скоровите за улцерација на стапало и степенот на хронична бубрежна болест кај лица со дијабетес тип 2 (ДМ2).

Испитани беа 107 пациенти со ДМ2, на возраст од 35-65 години од двата пола, кои беа хоспитализирани на Клиниката за ендокринологија. Пациентите беа испитани за дијабетично стапало и класифицирани според меѓународната работна група на дијабетично стапало во ризик скор 1-3, како и за дијабетичната бубрежна болест (ДББ) според KDOQI (Clinical Practice Guideline for Diabetes and CKD) во градус 2-4 пресметано според MDRD. Од 107 пациенти, 50.5% беа мажи и 49.5% жени.

Просечната возраст беше 59.12 години, времетраењето на дијабетесот 12.9±6.15 години и просечниот гликолизиран хемоглобин (HbA_{1c}) 9.5±1.86%, Индекс на телесна маса (BMI- -28,5±3.8 kg/m2, артериски крвен притисок (ТА) 136 ±5.8 mmHg и триглицериди (ТГ) 2,3 mmol/L. По 6 месеци HbA_{1c} беш 8.8% (p<0.004). BMI 28±3.3 kg/m2, ТА 133 ±4.6 mmHg и ТГ 2,2 mmol/L. Ризик скорот за улцерација е со статистичка сигнификантност (p<0.004). По групи, скор 1 имале 60%, скор 2, 20% и скор 3, 15%. Просечната вредност на проценетата гломеруларна филтрација (eGFR) бил сигнификантно повисок на почеток (78.02±24.08, по 6 месеци=71.48±21.41, p<0.039). 70% имале микроалбуминурија. Околу 30% од испитаниците имале градус 3 и 4 на нефропатија. Групите со повисоки ризик скорови (2.3) имале повисоки градуси на нефропатија (3.4) (p<0.001).

Лицата со ДМ тип 2, во работоспособна бозраст, со подолго времетраење, висок HbA_{1c}, високи триглицериди и висок КП имаат сигнификантно влијание прогресијата на дијабетичното стапало и ДББ. Високиот ризик скор за улцерација, корелира со висок градус на нефропатија.

Impact of metabolic control on diabetic foot and diabetic kidney disease

We wanted to determinate the impact of metabolic parameters, the correlation between risk scores for foot ulceration and the degree of chronic kidney disease (CKD) in patients with type 2 DM.

A total number of 107 hospitalized patients with type 2 DM, aged 35-65 years, were examined for diabetic foot, classified according to the International Working Group for diabetic foot (IWGDF) into 3 groups (1-3), and for CKD according KDOQI (Clinical Practice Guideline for Diabetes and CKD) classified in grade (2-4).

Of the total 107 patients, 50.5% were men and 49.5% women. The average age was 59.12years, the average duration of diabetes 12.9±6.15years, the average HbA_{1c} 9.5±1.86%, BMI - 28,5±3.8kg/m2, blood pressure (BP) 136 ±5.8mmHg and triglycerides (TG) 2,3mmol/L. Six months later the HbA_{1c} was 8.8% (p<0.004). BMI was 28±3.3kg/m2, BP 133 ±4.6mmHg, TG 2,2mmol/L. The risk score for foot ulceration has statistical significance (p<0.004). In groups, the largest percentage 60% had score of 1, 20% had score 2 and 15% had score 3.0 The average eGFR was significantly higher in the beginning (78.02±24.08, after 6 months 71.48±21.41, p<0.039). 70% had microalbuminuria. About 30% had grade 3 and 4 of nephropathy. Groups with higher risk of ulceration score (2.3) have a higher degree of nephropathy (3.4) (p<0.001).

In individuals with T2DM with average age, the duration of type 2 DM, HbA_{1c}, high TG and high BP have a significant role in the assessment of risk for ulceration and the progression of CKD. Patients with high risk for foot ulceration, relate with a higher degree of nephropathy



Професор д-р Татјана Миленковиќ, MD, PhD

Д-р Татјана Миленковиќ е редовен професор на Медицинскиот факултет во Скопје, вработена на Клиниката за ендокринологија, дијабетес и метаболни заболувања од 1985 година, каде во 1995 го основала Одделот за едукација на луѓе со дијабетес - чиј шеф е до ден денес. Специјализирала интерна медицина 1991, докторирала во областа на дијабетологијата 1999, супспецијализирала ендокринологија 2004. Стручно се усовршувала во Велика Британија, Данска и Италија. Има публицирано над 100 стручни и научни трудови, како и учество како главен истражувач и ко-истражувач во 16 научни проекти, од кои 11 меѓународни проекти вклучувајки и GCP тренинг. Автор е на 2 монографии, 5 поглавја во книги. Член е на EASD, ADA, IDF, DESG (член на генералниот комитет). Од 2013-та година е Претседател на Македонското научно здружение на ендокринолози и дијабетолози.

Professor dr. Tatjana Milenkovic, MD, PhD

Dr. Tatjana Milenkovic is a professor of internal medicine at the Medical Faculty in Skopje. Dr. Milenkovic works at the Clinic of Endocrinology, Diabetes and Metabolic Diseases since 1985, where in 1995 she has established the Department of education of people with diabetes - and she has been Head of the department ever since. She obtained specialty in Internal Medicine 1991, PhD in Medical Science 1999, and subspecialty in Endocrinology 2004. She has significantly improved her working experience and skills in UK, Denmark and Italy. Prof. Milenkovic has published and authored more than 100 scientific articles, and has been principal investigator and co-investigator in 16 scientific projects of which 11 international, including GCP training. She is author of 2 monographs and 5 book chapters. She is a member of the EASD, ADA, IDF, DESG (member of the General Committee). Since 2013 Prof. Milenkovic is the President of the Macedonian Scientific Association of endocrinologists and diabetologists.

Исхраната ризик фактор за дијабетес и кардиоваскуларни болести

Несоодветната исхрана е водечки фактор на ризик за кардиометаболички болести, како што се коронарна срцева болест, мозочен удар, тип 2 дијабетес. Други васкуларни состојби, како периферна артериска болест, хронична бубрежна болест, намалување на когнитивната функција, срцева слабост и атријална фибрилација, се исто така под влијание на факторите на ризик поврзани со исхраната. Во последниве години, навиките во исхраната се изменети кај скоро секоја нација во светот. Сега е очигледно дека погрешните навики во исхраната влијаат на различни кардиометаболички фактори на ризик, вклучувајќи ги не само дебелината и ЛДЛ холестеролот, туку и крвниот притисок, хомеостазата на гликоза-инсулин,

концентрациите и функцијата на липопротеините, оксидативниот стрес, воспалението, состојбата на ендотелот, хепаталната функција, метаболизмот на адипоцитите, срцевата функција, начините за регулирање на телесната тежина, висцералната дебелина и микробиомите. Во претходните децении диеталните препораки беа фокусирани на маснотиите во исхраната и нивото на холестерол во крвта, вкупните калории и дебелината. Целокупното влијание на исхраната врз здравјето се протега многу подалеку од овие патишта. Кардиометаболичките последици од било која хранлива состојка, храна или целокупната исхрана се специфични и треба да се сметаат како независен фактор на ризик. Затоа, најважни за кардиоваскуларниот ризик се специфичните видови храна и целокупниот начини на исхрана, а не поединечни, изолирани хранливи материи. Ќе ги резимираме современите докази за ефектите на исхраната на кардиометаболичките болести, кои се преферирани хранливи материи и диетални пристапи во спречувањето на дебелина, тип 2 дијабетесот и кардиоваскуларните болести.

Nutrition risk factor for diabetes and cardiovascular diseases

Unsuitably nutrition is the leading risk factor for cardiometabolic diseases such as coronary heart disease (CHD), stroke, type 2 diabetes mellitus. Other vascular conditions including peripheral arterial disease, chronic kidney disease, cognitive decline, heart failure, and atrial fibrillation are also influenced by nutrition-related risk factors. In recent years, global nutritional habits have shifted in nearly every nation in the world. It is now evident that wrongly habits in nutrition influence diverse cardiometabolic risk factors, including not only obesity and low-density lipoprotein (LDL) cholesterol, but also blood pressure, glucose-insulin homeostasis, lipoprotein concentrations and function, oxidative stress, inflammation, endothelial health, hepatic function, adipocyte metabolism, cardiac function, pathways of weight regulation, visceral adiposity, and the microbiome. In the previous decades dietary recommendations were focused on dietary fat and blood cholesterol, total calories and obesity. The full health impact of nutrition extends far beyond these pathways. Cardiometabolic consequences of any nutrient, food, or overall diet is specific and should be considered as independent risk factor. Therefore the most important for cardiovascular risk are specific foods and overall diet patterns, rather than single isolated nutrients. We will summarizes the modern evidence for health effects of nutrition on cardiometabolic diseases, which are preferred nutrients and dietary approaches in prevention of obesity, type 2 diabetes and cardiovascular diseases.

catalysis

DIAMEL®

нов пристап во терапија

- **Метаболен синдром**
- **Резистенција на инсулин**
- **Изменета толеранција на глукоза**
- **Полицистичен оваријален синдром**
- **Хиперандрогенемија**



Природен препарат специјално дизајниран за регулирање на метаболизам на глукозата

ДОЗИРАЊЕ

3 x 2

капсули на ден
пред секој главен оброк

ZEGIN

ЕКСКЛУЗИВЕН ДИСТРИБУТЕР ЗА МАКЕДОНИЈА

Научно здружение на ендокринолози
и дијабетолози на Македонија

Scientific association of endocrinologists
and diabetologists of Macedonia

Универзитетска клиника за ендокринологија, дијабетес
и метаболички нарушувања,
Медицински Факултет,
Универзитет "Св. Кирил и Методиј" - Скопје

University Clinic of Endocrinology, Diabetes
and Metabolic Disorders,
Medical Faculty,
University "Ss Cyril and Methodius" - Skopje

АПСТРАКТИ ПОСТЕР ПРЕЗЕНТАЦИЈА
ABSTRACT POSTER SESSIONS

5TH MACEDONIAN CONGRESS OF ENDOCRINOLOGY WITH INTERNATIONAL PARTICIPATION
3RD DIABETES DAYS IN MACEDONIA WITH INTERNATIONAL PARTICIPATION

Петти Македонски конгрес по ендокринологија со меѓународно учество

Трети дијабетолошки денови во Македонија со меѓународно учество

WWW.NZEDM.MK

АПСТРАКТИ (ПО АЗБУЧЕН РЕД)

01

10 ГОДИШНО ИСКУСТВО НА ТЕРАПИЈА СО ИНСУЛИНСКИ ПУМПИ НА УНИВЕРЗИТЕТСКАТА КЛИНИКА ЗА ЕНДОКРИНОЛОГИЈА, ДИЈАБЕТЕС И МЕТАБОЛНИ БОЛЕСТИ - СКОПЈЕ

Живковиќ М, Петровски Г, Тодорова Б, Битоска И

Вовед и цел: Континуираната супкутана инсулинска инфузија (инсулинска пумпа) како тераписки третман е предизвик и за пациентите и за здравствените работници. Целта на студијата е да ги прикаже резултатите и контролата со овој вид третман во нашиот центар за период од 10 години.

Методи: Оваа ретроспективна и кроссекциона студија вклучува 162 пациенти со тип 1 дијабетес на третман со инсулинска пумпа >3 години, во периодот од октомври 2004 до октомври 2014 година. Податоците беа собирани преку електронскиот медицински систем, вкрстена анализа (телефон, емаил или социјални медиуми) и извештаи генерирани преку Carelink Therapy Management Software (Medtronic, Northridge, CA).

Резултати: Пациентите беа анализирани во три возрасни групи: 12–18, 19–24 и >25 години. Сите пациенти беа третирани со инсулинска пумпа >3 години. Вкупна дневна доза на инсулин беше >0.9 ед/кг/ден во возрасната група 12–18 години, што е значително повисока од другите две возрасни групи ($P < 0.05$). Базалната доза беше значително пониска кај помладата популација (<40%) и покажа тренд на раст со возраста и времетраењето на дијабетесот (до 44%). Помладите пациенти ја употребуваа bolus wizard функција редовно (>75%), што е значително повеќе од другите возрасни групи ($P < 0.05$). Повеќе од 50% од пациентите постигнаа гликолизиран хемоглобин (HbA_{1c}) <7.0% додека >70% од пациентите постигнаа HbA_{1c} <7.5%. HbA_{1c} вредноста значително се промени од почетната во сите групи ($P < 0.05$).

Заклучок**:** Нашата студија прикажа подобрена гликемиска контрола кај долготрајна употреба на континуираната супкутана инсулинска инфузија. Редукција на вредноста на HbA_{1c} за -1.1% се одржа во текот на целиот период на студијата.

ABSTRACTS (ALPHABETICALLY)

10 YEARS' EXPERIENCE OF INSULIN PUMP THERAPY AT UNIVERSITY CLINIC OF ENDOCRINOLOGY, DIABETES AND METABOLIC DISORDERS, SKOPJE

Zivkovic M, Petrovski G, Todorova B, Bitoska I

Background and aim:

Subcutaneous insulin infusion (CSII) therapy is a challenge for both patients and healthcare

providers. The long-term CSII use is scarce. The aim of this study is to describe the impact of CSII therapy for 10 years of

use at our center.

Methods: This single-center retrospective study includes 162 type 1 diabetes patients using CSII for >3 years starting October 2004 until October 2014. Data were collected through the electronic medical record system, cross-sectional analysis (telephone, e-mail, or social media), and CSII reports generated by Carelink Therapy Management Software (Medtronic, Northridge, CA).

Results: Patients were analyzed in three age groups: 12–18, 19–24, and >25 years. All patients were treated with CSII for >3 years. Total daily dose of insulin was >0.9 U/kg/day in age group 12–18 years old, which was significantly higher than other two age groups ($P < 0.05$). Basal ratio was lower in younger age (<40%) and showed trend of increasing with age and longer diabetes duration (up to 44%). Younger patients used bolus wizard on regular basis (>75%), which was significantly higher than other age groups ($P < 0.05$). More than 50% of patients achieved glycated hemoglobin (HbA_{1c}) <7.0% and >70% of patients achieved HbA_{1c} <7.5%.

HbA_{1c} level significantly changed from baseline in all groups ($P < 0.05$).

Conclusion: Our study shows improved glucose control in long-term CSII users. A reduction of HbA_{1c} levels by -1.1% was maintained during the study period.

02

CHARCOT АРТРОПАТИЈА КАЈ ПАЦИЕНТ СО ДИЈАБЕТЕС МЕЛИТУС ТИП 2

Г. К. Христов[1 1], И. Битоска[2], Б. Тодорова [2] .

1 ЈЗУ Општа Болница Струмица

2 ЈЗУ УК за Ендокринологија, Дијабетес и Метаболички нарушувања

Вовед: Chargot артропатија е синдром кај пациентите кои имаат невропатија, или губиток на сензациите. Се карактеризира со прогресивна дегенерација на одредени зглобови, коскена деструкција, коскена ресорпција и евентуален деформитет поради губиток на осетот. Напредокот на болеста води кон улцерација, суперинфекција и конечно ампутација или смрт. Синдромот се јавува кај повеќе болести мегу кои е и дијабетесот.

CASE REPORT презентација: Претставуваме пациентка со нагол почеток на оток на лево стопало и глужд, пратен со црвенило, топлина, болка особено при стоење и намален осет.Станува збор за обезна болна со Т2ДМ со дијабетична полиневропатија. Пациентката евалуирана и направени повеќе иследувања во прилог на акутна Charcot артропатија. Третирана конзервативно и конзилијарно со добар тек и прогноза на болеста.

Дискусија: Овој приказ илустрира брза и точна евалуација на Charcot артропатија, со оптимален исход. Клиничката слика, дебелината, Т2ДМ и полиневропатијата, со елиминарење на траумата како причинител за состојбата, беа клучните показатели кои не насочија

кон дијагнозата. Imaging техниките ја потврдија ресорпцијата на коската со дегенеративни промени во зглобот кои се патогномонични кај Charcot артропатијата, кои ги пратеше и интактна кожа и губиток на сензориумот. Оптималниот исход се презентира преку отсуство на улкуси и инфекција и можноста да се движи надвор од домот користејќи терапевтски обувки и патерици.

Заклучок: Болните со дијабетична полиневроптија и знаци на воспаление по одредени зглобови да се евалуираат и во правец на Charcot артропатија, бидејќи навремената дијагноза води кон успешно лекување и превенирање на инвалидитет.

CASE REPORT - CHARCOT ARTHTOPATHY AT T2DM PATIENT.

G. K. Hristov[1], I. Bitoska[2] , B. Todorova [2] .

1 Public Hospital Strumica

2 University Clinic of Endocrinology, Diabetology and Metabolic disorders.

Introduction: Charcot arthropathy is a syndrome in patients who have neuropathy or loss of sensation. Charcot arthropathy refers to progressive degeneration of a weight bearing joint, bone resorption, and eventual deformity due to loss of sensation. It can result in ulceration and superinfection, and sometimes with amputation or death.

CASE presentation: We present a female patient with an onset of swelling of the left foot and ankle, accompanied by redness, warmth, pain especially when standing and decreased sensation.It is a obese patient with T2DM, with diabetic polyneuropathy. She was evaluated and more investigations were performed in favor of acute Charcot arthropathy. Treated conservatively with a good course and prognosis of the disease.

Discussion: This case illustrates a prompt and accurate evaluation of Charcot arthropathy with an optimal outcome. The clinical findings, obesity, T2DM and polyneuropathy, with the elimination of trauma as a cause of the condition, were key indicators to the diagnosis.Imaging techniques, confirmed bone resorption with degenerative changes in the joint, which are pathognomonic in Charcot arthropathy. That was accompanied by intact skin and loss of sensory. An optimal outcome was defined as being free of ulcers and infections and able to walk outside the home using therapeutic footwear and custom foot braces.

Summary: Patients with diabetic polyneuropthy who develop signs of some joint inflammation, should be evaluated in the direction of Charcot arthropathy, because the prompt diagnosis leads to successful treatment and prevention of disability.

03

АНАЛИЗА НА СОЦИО-ДЕМОГРАФСКИТЕ РИЗИК ФАКТОРИ ЗА ГЕСТАЦИСКИ ДИЈАБЕТЕС МЕЛИТУС

Ана Коцевска (1), Борка Коцевска (2), Татјана Миленковиќ (2), Славица Субеска Стратрова (2), Методи Трајчевски (1), Мики Филев (1)

(1) Специјална болница за гинекологија и акушерство “Мајка Тереза” Чаир - Скопје, Република Македонија

(2) Универзитетска клиника за ендокринологија, дијабет и метаболни нарушувања, Медицински факултет, Универзитет "Св. Кирил и Методиј"- Скопје, Република Македонија

Вовед и цели: Да се утврди постоењето на евентуални каузални асоцијации помеѓу присуството на одредени ризик фактори и настанувањето на гестациски-от дијабет.

Материјал и методи: Во оваа ретроспективна case-control студија, беа вклучени сите бремени жени кои направиле ОГТТ (Орален Глукоза Толеранс Тест), за дијагностика на гестациски дијабет во периодот од 01.01.2013 до 31.12.2015 година, во Ендокринолошката лабораторија - Универзитетска клиника за ендокринологија, дијабетес и метаболички нарушувања - Скопје. Пациентите беа поделени во две групи: пациенти со позитивен ОГТТ (испитувана група) и пациенти со негативен ОГТТ (контролна група). Социо-демографските фактори кои ги анализиравме беа: националност, возраст, БМИ (body mass index), фамилијарна историја на дијабетес, историја за спонтани абортуси, историја за мртвородени деца, број на претходни бремености, историја на хронична хипертензија, начин на зачнување и пушачкиот статус.

Резултати: Од вкупно 668 испитанички, 290 (43,41%) покажаа присуство на гестациски дијабет, а 378 (56,59%) отсуство на гестациски дијабет. Пациентите во испитуваната група беа постари од пациентите во контролната група (32 години vs 29 години) и оваа разлика беше статистички значајна (p<0,05). Пациентите од испитуваната група имаа повисок BMI од пациентите во контролната група (29,9 kg/m2 vs 25,3 kg/m2) и оваа разлика беше статистички значајна (p<0,05). Исто така, статистички значајна разлика беше утврдена и за следните ризик фактори: фамилијарна историја за дијабет, историја за спонтани абортуси, историја за мртвородени деца, број на претходни бремености и пушачкиот статус на испитаничките.

Заклучоци: Националноста, начинот на зачнување и хипертензијата кај бремени жени, немаат сигнификантно влијание врз појавата на гестациски дијабет. Возраста, БМИ, фамилијарната историја за дијабет, бројот на спонтани абортуси, историјата за мртвородени деца, бројот на бремености и пушачкиот статус, претставуваат сигнификантни предиктори за појава на гестациски дијабет.

Клучни зборови: гестациски дијабет, орален глукоза толеранс тест, ризик фактори

ANALYSIS OF SOCIO-DEMOGRAFIC RISK FACTORS FOR GESTATIONAL DIABETES MELLITUS

Ana Kocevska (1), Borka Kocevska (2), Tatjana Milenkovic (2), Slavica Subeska Stratrova (2), Metodi Trajcevski (1), Miki Filev (1)

(1)Special Hospital for Gynecology and Obstetrics "Mother Theresa" - Cair, Skopje, Republic of Macedonia

(2) University Clinic for Endocrinology, Diabetes and Metabolic Disorders, Medical Faculty, University "Ss Cyril and Methodius" - Skopje, Republic of Macedonia

Introduction and Objectives: To determine the existence of any causal associations between the presence of certain risk factors and the occurrence of gestational diabetes mellitus.

Material and methods: This analitical case-control study included all pregnant women who have undergone 2 h 75 grams OGTT (Oral Glucose Tolerance Test), for diagnosis of gestational diabetes in the period from 01.01.2013 to 31.12.2015, at Endocrinological Laboratory - University Clinic for Endocrinology, Diabetes and Metabolic disorders – Skopje. Patients were divided into two groups: patients with a positive OGTT (studied group) and patients with negative OGTT (control group). The socio-demographic factors that we analised were: nationality, age, BMI (body mass index), family history of diabetes, history of miscarriages, history of stillbirths, the number of previous pregnancies, history of chronic hypertension, way of conceiving and smoking status.

Results: A total of 668 pregnant women were examined for presence of gestational diabetes mellitus. 290 respondents (43,41%) showed the presence of gestational diabetes, and 378 (56,59%) showed the absence of gestational diabetes. Patients in the studied group were older than patients in the control group (32 years vs 29 years) and this difference was statistically significant (p <0,05). Patients of the studied group had higher BMI than patients in the control group (29,9 kg/m2 vs 25,3 kg/m2) and this difference was statistically significant (p<0,05). Also, statistically significant difference between the two groups was determined for the other risk factors: family history of diabetes, history of miscarriages, history of stillbirths, the number of pregnancies and smoking status of respondents.

Conclusions: Nationality, way of conceiving and hypertension in pregnant women, does not significantly affect the occurrence of gestational diabetes. Age, BMI, family history of diabetes, the number of miscarriages, the history of stillborn children, the number of pregnancies and smoking status are significant predictors for the occurrence of gestational diabetes.

Keywords: gestational diabetes, oral glucose tolerans test, risk factors

04

АСОЦИЈАЦИЈА НА ПОЛИМОРФИЗМОТ I/D ВО ГЕНОТ *ACE* СО ДИЈАБЕТИЧНАТА НЕФРОПАТИЈА

Т. Хасан[1], К. Паковски[2], И. Трајковска[1], Д. Донева[1], Ц. Волкановска[1], Н. Недеска Минова[1], С. Панов[2]

[1]ГОБ. "8-МИ СЕПТЕМВРИ" Одделение за ендокринологија, дијабетес и метаболизам, Скопје

[2]УКИМ. Природно Математички Факултет, Одд. за молекуларна биологија и генетика, Скопје

Дијабетичната нефропатија (ДН) се смета за најсериозна микроваскуларна компликација на дијабетесот тип 2 (ДТ2) и е водечка причина за хроничнатабурежна инсуфициенција. Генетската предиспозиција претставува важен ризик-фактор за развој на ДН, а меѓу испитуваните полиморфизми се тие во генот *ACE*.

Целта на овој труд е да се испита поврзаноста меѓу полиморфизмот I/D во *ACE*генот кај пациенти со ДН и ДТ2.

Во оваа проспективна, обсервациска, генетско-асоцијативна студија со случаи и контроли, се анализираат демографските, клиничките, лабораториските и генетските податоци од првично селектираната група од 35 пациенти со ДТ2, од кои подгрупа на 17 пациент се со нефропатија и 18 се без нефропатија. Пациентите се со слично траење на дијабетесот.

Генетските анализи покажаа статистички значајна (p=0,029) поврзаност на генотиповите D/D и I/D со појавата на нефропатија, во однос на хомозиготниот генотип I/I. Присуството на генотиповите D/D и I/D ги зголемува шансите од развој на нефропатија за 7,143 пати, односно релативниот ризик за 2,418 пати, во однос на присуството на генотипот I/I кај пациентите со ДТ2.

Иако досега се изработени само примероците и податоците од 35 пациенти, првичните анализи укажуваат на тоа дека постои потенцијална предиктивна вредност на определувањето на овој полиморфизам при клиничкото следење, изборот на терапијата и прогнозата на дијабетичната нефропатија.

Клучни зборови: дијабетес тип 2, нефропатија, *ACE*, генски полиморфизми

ASSOCIATION OF *ACE* I/D GENE POLYMORPHISM WITH DIABETIC NEPHROPATHY

T. Hasan[1], K. Pakovski[2], I. Trajkovska[1], D. Doneva[1], C. Volkanovska[1], N. Nedevska Minova[1], S. Panov[2]

[1]8th September, City General Hospital, Department of endocrinology, diabetes and metabolism, Skopje

[2]University "Ss. Cyril and Methodius" Faculty of Natural Sciences and Mathematics, Institute of Molecular Genetics and Biology, Skopje

Diabetic nephropathy (DN) is considered as a major microvascular complication of type 2 diabetes mellitus (T2DM) and is the leading cause of end-stage renal disease. Genetic susceptibility is a significant risk factor for DN development including the polymorphisms in *ACE* gene.

The aim of this study is to investigate the association of *ACE* gene I/D polymorphism with DN in T2DM patients.

In this prospective, observational, genetic association, case-control study, a demographic, clinical and laboratory data are analyzed from preliminary selected group of 35 patients with T2DM, of which 17 are with DN and 18 without DN. The duration of T2DM is similar to both subgroups. As controls, blood samples from 30 healthy blood donors and volunteers are being collected.

Genetic analyses revealed statistically significant (p=0.029) association of genotypes D/D and I/D with occurrence of nephropathy, regarding the homozygous I/I genotype. Carriers of D/D and I/D genotypes has 7.134 folds higher odds and 2.148 folds higher relative risk for developing nephropathy than the carriers of I/I genotype among the patients with T2DM.

Although the data and samples from only 35 patients are calculated, preliminary

analyses indicates that there is a potential applicable predictive value of determination of this polymorphism during the clinical follow-up, treatment selection and prognosis of diabetic nephropathy.

Keywords:type 2 diabetes, nephropathy, *ACE* gene, polymorphisms

05

ВЛИЈАНИЕ НА РЕДУКЦИЈАТА НА ТЕЛЕСНАТА ТЕЖИНА НА ИНСУЛИНСКА РЕЗИСТЕНТНОСТ

Пановска С, Шубеска Стратрова С, Мишевска Јовановска С, Пемовска Г, Битовска И

Клиника за ендокринологија, дијабете и метаболички нарушувања, Скопје, Р.Македонија

Вовед: Дебелината се карактеризира со инсулинска резистенција и позитивно влијание на намалувањето на телесната тежина врз инсулинската сензитивност. Целта на оваа студија беше да се открие влијанието на благото намалување на телесната тежина врз инсулинската сензитивност.

Материјал и методи: Испитаници беа 20 жени со средна возраст 28,25±6,7год. Средните вредности на следните параметри беа проценети: телесна тежина (ТТ), BMI, обемот на половината (О), гликозата во крвта (Г), нивоата на инсулин (И) и ХОМА индексот (Х), пред и една година по континуиран диетален режим.

Резултати: Средните вредности на ТТ беа 99,63±20,83кг, и се намалија на 90,25±20,03кг. Разликата од 9,38±5,48кг покажа просечно 9,43±5,27% намалување на ТТ. Средните вредности на BMI беа 36.98±6.92kg/m2 и се намалија на 33.58±7.48 kg/m2. Разликата изнесуваше 3,4±1,92kg/m^2 и покажа 9,34±5,33% намалување на BMI. О се намали од 109.75±12.06cm на 102.5±11.95cm. Разликата изнесуваше 7,25±3,54cm и укажа на 6,62±3,22% намалување на О. Промените на ТТ, БМИ и О не беа сигнификантни (p>0.05).

Нивоата на Г се намалија од 6,09±1, 32mmol на 5,07±0, 4mmol/l, со просечно намалување од 1,03±1,29mmol, 14,12±14,65% од почетната вредност. Вредностите на И 31,91±16,23μU/ml, беа намалени на 17,12±7,17μU/ml, со разлика од 14,79±16,49μU/ml, 40,39±24,74% од почетната вредност (p<0.033). Вредноста на Х 8,6±4,33 намалена на 3,89±1,57, со разлика од 4,77±4,06, 49,33±23,72% од вредноста пред третман (p<0.017).

Заклучок: Оваа студија заклучи дека благото намалување на телесната тежина го подобрува јагленохидратниот метаболизам, го намалува нивото на инсулин и особено сигнификантно ја зголемува сензитивноста кон инсулинот. Мора да се нагласи многу големото значење на благото намалување на телесната тежина во намалувањето на инсулинската резистенција и нејзиното влијание во спречување на кардиоваскуларни и други компликации кај дебелите лица.

Клучни зборови: дебелина, инсулинска резистентност, редукција на телесна тежина

BODY WEIGHT REDUCTION INFLUENCE ON INSULIN RESISTANCE

Panovska S, Shubeska Stratrova S, Mishevska Jovanovska S, Pemovska G, Bitovska I

Clinic of endocrinology, diabetes and metabolic disorders, Skopje, R. Macedonia

Introduction: Obesity is characterized with insulin resistance and positive influence of the body weight reduction on the insulin sensitivity. The aim of this study was to discover the influence of mild body weight reduction on insulin sensitivity.

Materials and methods: The examinees were 20 women with mean age 28.25±6.7yr. The mean values of the following parameters were determined: body weight (BW), BMI, waist circumference (W), blood glucose (G), insulin levels (I) and HOMA index=G*I/22.5 (H), before and 1 year after the continuous dietal regimen.

Results: Mean BW values were 99.63±20.83kg, and reduced to 90.25±20.03kg. The difference of 9.38±5.48kg showed mean 9.43±5.27% reduction of the BW. Mean BMI values were 36.98±6.92kg/m^2 and reduced to 33.58±7.48 kg/m^2. The difference was 3.4±1.92 kg/m^2 and indicated 9.34±5.33% BMI reduction. W reduced from 109.75±12.06 cm to 102.5±11.95cm. The difference was 7.25±3.54cm and indicated 6.62±3.22% W reduction. BW, BMI and W changes were not significant ($p>0.05$). G levels reduced from 6.09±1.32mmol/l to 5.07±0.4mmol/l, with mean reduction of 1.03±1.29mmol/l (14.12±14.65%) of the start value. I values 31.91±16.23μU/ml were reduced to 17.12±7.17μU/ml, with difference of 14.79±16.49μU/ml (40.39±24.74%) of the start value ($p<0.033$). H value 8.6±4.33 reduced to 3.89±1.57, for the difference of 4.77±4.06, 49.33±23.72% of the pretreatment value ($p<0.017$).

Conclusion: This study concluded that mild body weight reduction improved glucose metabolism, reduced insulin levels and especially increased significantly insulin sensitivity. It has to be emphasized the very big importance of mild body weight reduction on lowering the insulin resistance and its influence in prevention cardiovascular and other complications in obese.

Key words: obesity, insulin resistance, body weight reduction

06

ГЕСТАЦИСКИ ДИЈАБЕТЕС МЕЛИТУС НИЗ НАШ МАТЕРИЈАЛ

Кристина Блажева, Универзитетска Клиника за гинекологија и акушерство - Скопје

Вовед: Гестациският дијабетес мелитус (ГДМ) е една од најчестите патолошки состојби во бременоста. ГДМ се дефинира како пореметување во метаболизмот на гликозата од било кој степен и се открива за прв пат во текот на бременост.

Материјал и метод: Ретроспективно се обработени податоци од акушерските истории на пациентки породени со царски рез во Универзитетска Клиника за Гинекологија и Акушерство-Скопје во период од 01.01.2017-01.04.2018 година. Евалуирани се податоците за

возраста на пациентките, гестациската старост, индикацијата за завршување на породувањето со царски рез и родилна тежина на новородените.

Резултати: Пациентките се поделени во две возрасни категории: прва до 25 години (4) и втора над 25 години (59). Од вкупно 63 пациентки, 13 се породени предвремено (пред 37 гестациска недела). Кај 13 пациентки е добиен плод со родилна тежина над 4.000 гр, а најкрупниот со 4.870 грами. Водечка индикација за царски рез е фетален дистрес, фетална макросомија како втора, а потоа следуваат, фето-пелвината диспропорција, застојот во раѓањето и хипертензијата индуцирана со бременост. Инсулинска терапија е ординирана кај 2 пациентки по конзилијарен преглед од страна на ендокринолог. Кај останатите пациентки адекватна гликорегулација е постигната само со примена на диететски режим на исхрана. Сите пациентки се испишани во добра општа состојба со регулирана гликемија

Заклучок: ГДМ е поврзан со зголемен ризик и за мајката и за фетусот. Скринингот за ГДМ е составен дел од антенаталните контроли кај акушерот. Со добрата дијабетична контрола во доцната бременост, ако нема други компликации може да се дозволи бременоста да се носи до терминот.

GESTATIONAL DIABETES MELLITUS THROUGH OUR MATERIAL

Kristina Blazheva, University Clinic for Gynecology and Obstetrics - Skopje

Introduction: Gestational diabetes mellitus (GDM) is one of the most common pathological conditions in pregnancy. GDM is defined as a disorder in the metabolism of glucose of any degree and is revealed for the first time during pregnancy.

Material and method: Retrospective data are processed from the obstetric histories of patients born with caesarean section at the University Clinic for Gynecology and Obstetrics-Skopje in the period 01.01.2017-01.04.2018. Data on the age of patients, gestational age, indication of cesarean delivery and neonatal birth weight were evaluated.

Results: Patients are divided into two age categories: first up to 25 years (4) and second over 25 years (59). Out of a total of 63 patients, 13 were delivered prematurely (37 weeks gestation). In 13 patients, a fetus with birth weight over 4,000 grams was obtained, and the largest with 4,870 grams. A leading indication for cesarean section is fetal distress, fetal macrosomia as the second, followed by fetal-pelvic disproportion, birth congestion and pregnancy-induced hypertension. Insulin therapy is administered in 2 patients after a consile examination by an endocrinologist. In other patients, adequate glycoregulation is achieved only by the application of a dietetic diet. All patients are prescribed in good general condition with regulated glycemia.

Conclusion: GDM is associated with an increased risk for both the mother and the fetus. Screening for GDM is an integral part of the antenatal controls in an obstetrician. With good diabetic control in late pregnancy, if there are no other complications, pregnancy can be tolerated by the term.

07

ДЕМОГРАФСКИ И КЛИНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА БОЛНИТЕ СО ТИП 2 ДИЈАБЕТЕС МЕЛИТУС КОИ СЕ НА ИНСУЛИНСКА ТЕРАПИЈА ВО ДЕБАР, РОСТУШЕ И ЖУПА

А. Куртоски

ЈЗУ Општа Болница Дебар, Центар за Дијабетес Мелитус

Во обработака на овој материјал опфатени се сите болни со Дијабетес Мелитус (ДМ) кои се на инсулинска терапија. Болните се следени во тек на 2 години, 2016 и 2017 год.Направени се по 5 визити/прегледи по болен(3 во 2016,2 во 2017год).Планот за визита/ преглед се совпаѓа со препораките на националната комисија за ДМ-за продолжување на инсулински рецепт.Болните се следени преку гликемијата на гладно (фпг), гликолизиран хемоглобин(А-1ц),боди мас индекс(бми).артериска тензија(ат),типот на инсулин и инсулинска доза.Добиените резултати анализирани се по групи-по демографски карактерис- тики пол и возраст и по вид на инсулинска терапија.

Вкупно се извршени 2036 прегледи,910 мажи,1162 жени,со Тип 1 ДМ-62 со Тип 2 ДМ-1974 прегледи.Просечна возраст изнесува-63,5 год, за мажи-62,7 год.за жени-64,2 год. Пикот за Тип 2 е помеѓу 6-8 деценија.Машката популација има бми-29кг/м2, жените 32 кг / м2,односот на А1ц 8,48% мажи, 8,82% жени, гликемијата на гладно е поедначква, арте риската тензија(ат) 155/88 ммхг за жени. 144/84 ммхг за мажи.

Во втората анализа опфатени се болните според видот на инсулин, а следени се според: возраст, бми, А1ц, фпг. Највозрасни(65,6 год) се болните кои примаат а. премикс, најмлади(59,2 год) болните кои примаат а.базал/а. кристал.Најголем(34,1кг/м2) бми имаат болните на нпх инсулин,најмал(29,7) на нпх-премикс.Најдобра гликорегулација (А1ц / фпг) се болните на нпх и а.премикс инсулин.Според инсулинската доза дневна/болен : а.кристал-32 и.е.,нпх-37,7 и.е.а.базал-38,3 и.е.нпх премикс-46,6 и.е. а.премикс-47,8 и.е.

Од антидијабетична терапија обработени се податоците за Метформин. Просечна доза на метформин изнесува 1,66 гр.Од останат терапија најчесто преписувани лекови се антихипертензиви:аце/54%,ард/19%,ца антагонисти/36%,бета блокатори/43%, диуретици/ 39%,хиполипемици/39%, антиагрегациона терапија /33%.

Добиените резултати упатуваат на недоволна гликорегулација кај болните од ДМ кои се на инсулинска терапија.

DEMOGRAPHIC AND CLINICAL CHARACTERISTICS OF PATIENTS WITH TYPE 2 DIABETES MELLITUS WHO ARE TAKING INSULIN THERAPY IN DEBAR, ROSTUSHE AND ZUPA

A. Kurtoski

General hospital Debar, Center for diabetes mellitus

The treatment of this material includes all patients with diabetes mellitus (DM) who are on insulin therapy. The patients have been monitored for 2 years, 2016 and 2017. Five visits / sick examinations were made (3 in 2016, 2 in 2017). The plan for

visits / examination coincides with the recommendations of the National Commission on DM for the continuation of the insulin prescription. The patients are monitored through fasting glycemia(fpg), the glycolysis hemoglobin(A1c), body mass index(bm) arterial tension(at), type of insulin and insulin dose. The results are analyzed by groups - by demographic characteristics sex and age and by type of insulin therapy.

A total of 2036 examinations were completed, 910 men, 1162 women, with type 1 DM-62 with type 2 DM-1974 examinations. The average age was 63.5 years, for men-62.7 years for women-64.2 years. The peak for Type 2 is between 6-8 decades. The male population has a bmi-29 kg/ m2, female 32 kg/m2, the ratio on A1c 8.48% male, 8.82% female, the fasting glycemia is equal, arterial tension (at) 155/88 mmhg for women. 144/84 mmhg for men.

The second analysis covers the patients by type of insulin, and were monitored by: age, BMI, A1c, fpg. The oldest (65.6 years) are patients who receive a. premixes, the youngest (59.2 years) patients who receive a basal/a.crystal. The highest bmi (34.1 kg/m2) have nph. insulin-treated patients, the lowest (29.7kg/m2) of the nph premix. The best glycoregulation A1c/fpg) are patients with nph and a. premix of insulin. According to the insulin dose, day/sick: a. crystal-32iu, nph-37,7iu. basal-38,3iu. nph premix-46.6iu a premix-47.8iu.

From antidiabetic therapy the data for Metformin have been processed. The average dose of metformin is 1.66 g. Of the remaining therapy, the most frequently prescribed drugs are antihypertensives: ace/54%, ard/19%, ca antagonists/36%, beta blockers/43%, diuretics/39%, hypolipemics/39% , antiaggregation therapy /33%.

The obtained results indicate insufficient glycoregulation in patients with DM who are on insulin therapy.

08

ДИЈАБЕТЕС ВО БРЕМЕНОСТ И РИЗИК ЗА МАЈКАТА И ПЛОДОТ

И. Младеновска Стојкоска, К. Адамова, С. Шубеска Стратрова, С. Мишевска Јовановска, И. Битовска, Б. Јовановска, М. Живковиќ, Џулијана Михајловска, М. Тошевска

Универзитетска клиника за ендокринологија, дијабетес и болести на метаболизмот Скопје, Македонија

Вовед: ДМ во бременост носи ризик за текот на бременоста, мајката и плодот. Може да биде прегестациски (ДМ1 и ДМ2) и гестациски ДМ (ГДМ).

Цел: Лошата гликемиска контрола предконцепциски и во тек на бременоста го зголемува ризикот за неонатална смрт и конгенитални малформации.

Материјал и методи: На клиниката за ендокринологија во период од една година беа анализирани 43 пациентки со ДМ во бременост, ризик факторите за ГДМ, гликемиската контрола и ризикот за мајката и плодот.

Резултати: Пациентките беа на возраст од 25-47 години од кои една(2,4%) со ДМ1, 5(11,6%) со ДМ 2 и 37 (86%) со ГДМ.

Од ризик факторите за ГДМ: 31(72%) имаа >30 години, 2(4,6%) имале ГДМ во претходната бременост(ПБ), 6 (13,9%) имале мртов плод во ПБ, 26(60%) имаат ДМ во фамилија. Пациентките имаа просечен HbA_{1c}- 6,4 % од кои 55,6% има HbA_{1c} > 6% а 44,4% имаа HbA_{1c} < 6%.Хипертензија имаа 10(23,3%) пациентки од кои преегзистирачка 7 (16.3%) а во бременост 3(7%). Компликации во бременост: 3(6,9%) имале пре-еклампсија, 12(27,9%) се породиле пред 37 гестациска недела од кои 4(9,3%) имаат над 30 години а 1(2,3%) забременила со инвитро фертилизација. Од акушерски компликации: 11(25,6%) имале полихидрамнион, 4(9,3%) макросомија. Просечна телесна тежина на новороденче 3160 грама. Едно новороденче родено со вентрикуларен септален дефект и едно со полиорганска болест. Просечен АПГАР скор 7/8.

Заклучок: Оптимална предконцепциска гликемиска контрола со HbA_{1c} < 6,5% а во бременост HbA_{1c} < 6% е потребна за да се намали ризикот од спонтани абортуси и конгенитални аномалии.

DIABETES IN PREGNANCY AND RISK FOR MOTHER AND NEWBORN

Ivana Mladenovska Stojkoska, Katerina Adamova, Slavica Shubeska Stratrova, Sasha Mishevska Jovanovska, Iskra Bitovska, Biljana Todorova, Marija Zivkovic, Djulijana Mihaljovska. M. Toshevska

University Clinic of endocrinology, diabetes and metabolic disorders, Skopje, Macedonia

Introduction: DM in pregnancy carries a risk for the course of pregnancy, mother and fetus. It may be progestational (DM1 and DM2) and gestational DM (GDM).

Aim: Bad glycemic control before and after conception increases risk for neonatal mortality and congenital malformations.

Material and metods: At the clinic for endocrinology for a period of one year were analyzed the risk factors for GDM, glycemic control, maternal and fetal risks in 43 DM pregnant patients.

Results: The patients were aged 25-47 years, one of them (2.4%) with DM1, 5(11.6%) with DM 2 and 37(86%) with GDM. Of the risk factors for GDM: 31(72%) had> 30 years, 2(4.6%) had GDM in the previous pregnancy (PP), 6(13.9%) had a dead fetus in PP, 26(60%) have DM in a family. Average HbA_{1C} was 6,4 %, from which 55,6% had HbA_{1C}>6% and 44,4% had HbA_{1C}<6 %. Hypertension had 10(23.3%) patients, of whom 7(16.3%) had hypertension in PP and 3(7%) in this pregnancy. Pregnancy complications: 3(6.9%) had pre-eclampsia, 12(27.9%) gave birth before 37 weeks of gestation, of which 4(9.3%) were over 30 years old and 1(2.3%) became pregnant with invitro fertilization. From obstetric complications: 11(25.6%) had polyhydramnios, 4(9.3%) macrosomia. The average body weight of a newborn was 3160 grams. A newborn born with a ventricular septal defect and one with a multiorgan disease. Average APGAR score 7/8.

Conclusion: Optimal pre-conception glycemic control with HbA_{1C}<6.5% and in pregnancy HbA_{1C}<6% is required to reduce the risk of spontaneous abortions and congenital anomalies

09

ДИНАМИКА НА УРИНАРНА ЕКСКРЕЦИЈА КАЈ ПАЦИЕНТ СО ДИЈАБЕТЕС ИНСИПИДУС

С. Шубеска Стратрова, С. Мишевска Јовановска, И. Младеновска Стојкоска, И.Битовска, Ѓ.Несторов

Клиника за ендокринологија, дијабетес и метаболички нарушувања, Скопје, Македонија

Вовед: Дијабетес инсипидус (ДИ) се карактеризира со полиурија, екцесивна продукција на урина, намалена осмолалност и специфична тежина на урината (СТ).

Материјал и методи: Динамиката на уринарна екскреција (УЕ), уринарниот волумен и СТ беа проценети во тек на 8-часовен тест на жеднеење кај пациент со потврден ДИ, во споредба со 3 контролни лица (К) без болест.

Резултати: Просечното намалување на телесната тежина беше 1кг кај секој пациент К, и 3кг кај ДИ. Вкупната вредност на излачената урина (ИУ) за време на тестот кај ДИ беше 3030ml, а средната вредност на УЕ на час беше 461,25±176ml со СТ 1000.0, кои меѓусебно не корелираа. К имаа средна вредност на вкупната ИУ 1000ml за секој пациент и средна вредност на УЕ на час 126,25±135ml што корелираше сигнификантно негативно со средната вредност на СТ 1007,38±4,69 (p<0,0001). ИУ кај ДИ со средната вредност од 617,5±56,79ml и К (215±143,49ml) во првата половина на тестот, сигнификантно е повисока од 305±63,51 ml и 37,5±19,13 ml во втората половина (p<0,0001). СТ беше непроменета во DI 1000.0 и во К значително се зголеми од 1003.92±3.09 до 1010.83±3.21 (p<0.0001). УЕ во текот на втората половина од тестот беше во просек за 83% помала во споредба со првата половина во групата К и 51% во ДИ.

Заклучок: Пациентот со DI имаше поголема редукција на телесна тежина од К за време на тестот, поголем вкупен волумен на ИУ и волумен на ИУ во првиот и вториот дел од тестот, помал % на редукција на ИУ во вториот дел од тестот. СТ на урината не се зголеми кај ДИ и не корелираше со ИУ како што беше случај со К.

Клучни зборови: инсипиден дијабет, уринарна екскреција, специфична тежина на урина.

DYNAMIC OF URINARY EXCRETION IN PATIENT WITH DIABETES INSIPIDUS

S. Shubeska Stratrova, S. Mishevska Jovanovska, I. Mladenovska Stojkoska, I. Bitovska, Gj. Nestorov

Clinic of endocrinology, diabetes and metabolic disorders, Skopje, Macedonia

Introduction: Diabetes insipidus (DI) is characterized by polyuria, excess urine production, decreased osmolality and specific urine weight (SW).

Materials and methods: The dynamics of urinary excretion (UE), urine volume, and SW were estimated during an 8-hour dehydratation test in a patient with confirmed DI compared to 3 control subjects (K) with absent disease.

Results: Average reduction of body weight was 1kg in each K patient, and 3kg at DI. The total value of excreted urine (EU) during the test in DI was 3030ml, and the mean value of hourly UE was 461.25±176ml with SW 1000.0 that mutually did not correlate. K had mean value of total EU 1000ml for each patient, and the mean value of hourly UE was 126.25±135ml that significantly negatively correlated with mean SW value 1007.38±4.69 ($p<0.0001$). DI had a mean value of 617.5±56.79ml and K (215±143.49ml) EU in the first half of the test, significantly higher than 305±63.51ml and 37.5±19.13ml in the second half ($p<0.0001$). SW was unchanged in DI 1000.0 and in K it was significantly increased from 1003.92±3.09 to 1010.83±3.21 ($p<0.0001$). UE during the second half of the test was by an average 83% lower compared to the first half in group K and by 51% in DI.

Conclusion: Patient with DI had higher body weight reduction than K during the test, higher total volume of EU and volume in the first and second part of the test, lower % of reduction of the EU in the second part of the test. SW of the urine didn't increase in DI and didn't correlate with EU as it did in K.

Key words: diabetes insipidus, urinary excretion, specific urine weight.

10

EMPTY SELLA СИНДРОМ СО ТЕЖОК ХИПОПИТУИТАРИЗАМ

Ц Волкановска Илијевска, Т Хасан Т, Д Донева Д, И Трајковска,Н Недеска Минова , Р Нешовска ,М Симеонова

Градска Општа Болница 8ми Септември, Оддел за Ендокринологија,

Вовед: Empty sella синдром(от) (ЕСС) се карактеризира со хернијација на субарахноидниот простор во турското седло. Во настанувањето на ЕСС придонесуваат различни етиопатогенетски механизми. Клинички, ЕСС може да биде бенигна и асимптоматска состојба, но може да се манифестира со различен степен на хипопитуитаризам, офталмолошки и невролошки абнормалности.

Приказ на случај: Прикажуваме случај на ЕСС со тежок хипопитуитаризам. Маж на 36 годишна возраст беше упатен на нашата клиника за евалуација поради обезност. Пациентот во изминатите неколку години имал намалено либидо, анејакулација, депресивно расположение и недостаток на енергија. На преглед, пациентот имаше индекс на телесна маса (BMI) 34 kg/m^2, обем на половина 108 cm и нормален крвен притисок. Неговата медицинска историја беше без значајни особености со исклучок на податок за минато повреда на глава.

Хормонските анализи ги покажаа следниве резултати: TSH l 9.95 uIU/ml (0.4-4.0), слободен T4 0.64ng/dl (0.90-1.80), слободен T3 2.14 pg/ml (1.80-4.20), LH 0.710 mIU/ml (0.80-7.60), FSH 3,25mIU/

ml (0.70-11.1), GH 0.05ng/ml (<5ng/ml), пролактин 25ng/ml (2-29), кортизол 3.45ug/dl (5-25) и ACTH 14.3pg/ml (5-48). Од останатите лабораториски иследувања беа утврдени значајна хиперинсулинемија, инсулин 41 uIU/ml (2-29.1) и атероген липиден профил. Дополнително пациентот имаше тежок дефицит на витамин Д [18.6 nmol/L (75-250)]. Со маггнетна резонанца на хипоталамо-питуитарната регија се докажа инвагинација на субарнахноидниот простор во селата, присуство на тенко жлездено хипофизно ткиво со присуство на микроаденом од 6 mm во него. Офталмолошкиот преглед и прегледот на видното поле беа без отстапувања. Кај пациентот се отпочна со хормон-заместителна терапија и се регистрираше клиничко подобрување.

Заклучок: кај нашиот пациент ECC може да биде последица на претходната повреда на глава. ECC се карактеризира со варијабилна клиничка манифестација. Оттука, кај пациентите со ECC неопходно е да се направи ендокринолошка, невролошка и офталмолошка евалуација.

Клучни зборови: Empty sella синдром(от) (ECC), хипопитуитаризам, турско седло

EMPTY SELLA SYNDROME WITH PROFOUND HYPOPITUITARISM

C Volkanovska Ilijveska, T Hasan, D Doneva, I Trajkovska, N Nedeska Minova, R Nesovska, M Simeonova

General State Hospital 8th of September, Department of Endocrinology

Introduction: Empty sella (ES) is characterized by herniation of subarachnoid space within the sella caused by various etiopathogenetic mechanisms. Although ES can be presented as benign and asymptomatic condition, it can be also associated with pituitary dysfunction, opthalmologic and neurological abnormalities.

Case report: We describe a case of empty sella with profound hypopituitarism. A 36-year-old man was refered to our hospital for evaluation of his obesity. He had complaints of decreased libido, anejaculation, depressive mood and lack of energy for several years. On examination he had body mass index 34kg/m2, waist circumference 108 cm and normal blood pressure. His medical history was unremarkable except for previous head injury.

The hormone analysis showed TSH l 9.95 uIU/ml (0.4-4.0), free T4 0.64ng/dl (0.90-1.80), free T3 2.14 pg/ml (1.80-4.20), LH 0.710 mIU/ml(0.80-7.60), FSH 3,25mIU/ml (0.70-11.1), GH 0.05ng/ml (<5ng/ml), prolactin 25ng/ml (2-29) cortisol 3.45ug/dl (5-25) and ACTH 14.3pg/ml (5-48). Other laboratory investigation were signifcant for hyperinsulinemia, 41 uIU/ml (2-29.1) and atherogenic lipid profile. Furthermore the patient had severe vitamin D deficiency 18.6 nmol/L (75-250). Magnetic resonance imaging of hypotalamic-pituitary area revealed invagination of subarachnoid space to sella, narrow glandular tissue on the left side and pituitary microadneoma of 6 mm within it. Ophtalmological and visual filed examination were insignificant. Replacement hormonal therapy was initiated and patient clinically improved.

Conclusion: in our patient ES might be

a consequence of previous brain injury. ES syndrome is characterized by variable clinical manifestations. Therefore, patients with ES should be subjected to endocrinological, neurological and ophthalmological evaluation.

Key words: emptys sella, hypopituitarism, sella turcica

11

ЕВАЛУАЦИЈА НА РИЗИК ФАКТОРИТЕ ЗА ОСТЕОПОРОЗА КАЈ ПОСТМЕНОПАУЗНИ ЖЕНИ НА ИБАНДРОНАТЕН ТРЕТМАН

И.Младеновска Стојкоска, С. Шубеска-Стратрова, С. Мишевска Јовановска, С. Марковиќ Темелкова, И. Битовска, К. Адамова, М. Геразова

Универзитетска Клиника за ендокринологија, дијабетес и метаболички нарушувања, Скопје, Македонија

Вовед: Цел на трудот беше да се евалуираат ризик факторите за остеопороза кај постменопаузни жени со остеопороза на третман со Ибандронска киселина.

Материјал и методи: Испитани беа 22 постменопаузни жени третирани со ампуларна терапија со Ибандронска киселина. Проценети беа ризик факторите за остеопороза и БМИ, вредностите на јонизиран калциум (iCa), PTH, витамин Д, Hba_{1C}, BMD и BMC (g/cm^2) на рбет и колк.

Резултати: Сите испитанички имале контраиндикации за орален бифосфонатен третман. Тие имаа просечни вредности на BMI 25.57±4.8kg/m^2, ниедна <19kg/m^2. Просечна возраст на испитаничките е 64.89±7.06 години, сите >45 години. Просечна менопауза на 45.13±5.89 год, 53.75% пред 45 годишна возраст и 21.43% имале овариектомија. Фрактура имале 31.03% од испитаничките со просечна возраст 67.44±5.2 год. Поголемо намалување на телесната висина од 3 см имале 57.89% од пациентките и 14.29% примале кортикотерапија. Ниедна не конзумирала алхохол, 34.48% пушеле цигари умерено најмогу 1 кутија на ден. Физичка активност помала од 30 мин имале 39.29% од испитаничките, 22.22% се сончале помалку од 10 мин/ден. HTA имале 73% и ДМ тип 2 vo 50%, само две биле на инсулин, со добра гликорегулација, просечен HbA_{1C} бил 6.33±1.29%. Остеопорозата просечно откриена пред 7.09±4.33 год. Сите примале Sol Colecalciferol 3 капки дневно и калциумски препарат. Средните вредности на витамин D биле 32.85±11.57ng/ml, средните вредности на iCa 1.2±0.29mmol/l, средните вредности на PTH 58.64±21.98pg/ml, L_1-L_4 средна BMC 0.86±0.08 gr/cm^2, L_1-L_4 T скор -2.64±0.71, L_1-L_4 84.55±7.51% и на левиот колк вкупно -1.72±1.02, а на пациентите со фрактура -2.17±1.07. Десниот колк вкупно -2.18±0.96 ка пациенти со фрактура, просечно за цела група -1.72±0.93 T скор.

Заклучок: Постменопаузалните жени третирани со и.в. Ибандронат имаа неколку ризик фактори: постара возраст, рана менопауза, ДМ тип 2, артериска хипертензија, фрактура, помала висина, примале кортикотерапија, редуцирана физичка активност, не се сончаат

и имаат ниска коскена содржина и денситет.

Клучни зборови: остеопороза, ризик фактори, ибандронска киселина, третман.

EVALUATION OF THE OSTEROPOROSIS RISK FACTORS IN POSTMENOPAUSAL WOMEN ON IBANDRONIC ACID TREATMENT

I. Mladenovska Stojkoska, S. Shubeska Stratrova, S. Mishevska Jovanovska, S. Markovik Temelkova, I. Bitovska, K. Adamova, M. Gerazova

University Clinic of endocrinology, diabetes and metabolic disorders, Skopje, Macedonia

Introduction: The aim of this study was to evaluate the risk factors for osteoporosis in postmenopausal women with osteoporosis treated with ibandronic acid.

Matherials and methods: Examinees were 22 postmenopausal women with Ibandronic acid ampular treatment for osteoporosis. Risk factors for osteoporosis were evaluated as well as ionized Ca (iCa), PTH, vitamin D (D), HBA_{1C}, and spine and hip BMD and BMC (g/cm^2).

Resuts: All examinees had contraindications for oral bisphosphonate treatment. They had mean BMI values 25.57±4.8kg/m^2, no one <19kg/m^2. Mean age was 64.89±7.06 yr., all >45 years. Mean menopause on age of 45.13±5.89yr, 53.75% before the age of 45yr. and 21.43% had ovariectomy. Fracture had 31.03% of the examinees with mean age of 67.44±5.2yr. A greater reduction in body height than 3cm had 57.89% of patients, and 14.29% received corticotherapy. No one consumed alcohol, 34.48% smoked moderalety up to 1 box per day.

Physical activity for less than 30 minutes was in 39.29% of subjects, 22.22% had sunbathing less than 10 min/day, HTA had 73% and DM type 2 50%, only two were on insulin with good glycoregulation. Average mean HBA_{1C} was 6.33±1.29%. Osteoporosis was generally detected before 7.09±4.33 years. All of them received Sol Colecalciferol 3 gutts a day and calcium preparation. Mean D levels were 32.85±11.57 ng/ml, mean iCa levels were 1.2±0.29mmol/l, mean PTH levels were58.6 4±21.98 pg/ml, L_1-L_4 was 84.55±7.51%. L_1-L_4 mean BMC 0.86±0.08 gr/cm^2, L_1-L_4 T score -2.64±0.71 and left hip total -1.72±1.02, and in patients with fracture -2.17±1.07. Right hip total -2.18±0.96 in patients with fracture, mean value for the whole group -1.72 ± 0.93.

Conclusion: Postmenopausal women treated with i.v.ibandronate had several risk factor, older age, early menopause, DM type 2, arterial hypertension, fracture, lower height, corticotreatment, reduced physical activity, no sunbathing, lower BMC and BMD.

Key words: osteoporosis, risk factors, ibandronic acid, treatment

12

ЗНАЧЕЊЕТО НА МАСНОТО ТКИВО КАЈ ПАЦИЕНТИ СО ЗГОЛЕМЕН РИЗИК ЗА ДИЈАБЕТ ТИП 2, ПРОСПЕКТИВНА СТУДИЈА

В. Здравковска[1], Х. Шалтановска[2], Р. Козоловска[3]

[1,2]ЈЗУ ЗС Железара, Скопје, [3]ЗД Скопје

Вовед: Цел на студијата е да се види дали и кај нашите испитаници можеме да ја покажеме поврзаноста на дебелината на висцералното масно ткиво и субкутано масно ткиво, мерени со ултразвук, врз метаболизмот на глукоза кај пациентите со висок ризик за тип 2 дијабетес мелитус (Т2ДМ).

Материјал и методи: Студијата е започната во март 2017 год, кај 200 испитаници, средна возраст 70 години, БМИ средна вредност 27.5 kg/m2, обем на половина со височина 55%-65%, со висок ризик за дијабет тип 2. Биохемија:гликемија на гладно, намалена толеранција на глукоза, ОГТТ по 30 минути и 2 часа. Ултразвук на абдомен за мерење на дебелината на масното ткиво.

Резултати: Висцерално масно ткиво дебелина 7.5 cm, субкутано масно ткиво 2.5 cm. БМИ >1:гликемија на гладно > 0.1mmol/l , ОGTT по 2ч >0.5 mmol/l, HbA_{1C}> 0.04-0.1%. Зголемување за 1cm во дебелината на масното ткиво: >0.2 mmol/l 2ч ОГТТ.

Заклучок: Одредувањето на дебелината на масното ткиво со ултразвук е значајно поврзан со метаболизмот на глукоза и по прилагодувањето на другите мерки за обезност.

IMPORTANCE OF ABDOMINAL FAT IN POPULATION AT HIGH RISK OF DIABETES, PROSPECTIVE STUDY

V. Zdravkovska[1], Dr H. Saltanovska[2], Dr R Kozolovska[3]

[1,2]JZU Zelezara, Skopje, [3]ZD Skopje

Aim: Whether we can associate the abdominal fat with glucose metabolism in our group of participants with high risk of type 2 diabetes.

Materials and methods: We measured visceral and subcutaneous adipose tissue with ultrasonografy in 200 participants starting in march 2017. Mean age 70, body mass index(BMI) 27.5 kg/m2; weist to height ratio (WHtr) 55%-65%. Biochemistry: fasting glucose, impaired glucose tolerance; oral glucose tolerans test (OGTT) afer 30 minute and 2 hours.

Results: Visceral adipose tissue thickness 7.5 cm, subcutaneous adipose tissue 2.0 cm; BMI>1, higher fasting glucose 0.1mmol/l; OGTT 2 hours higher 0.5 mmol/l, HbA_{1C}> 0.04-0.1%. After adjustment, a 1cm increase in visceral adipose tissue , 0.2 mmol/l higher 2-hr glucose.

Conclusion: In our group of participants visceral and subcutaneous adipose tissue assessed by ultrasonography , are significantly associated with glucose metabolism, even after adjustment for other measures of obesity.

13

ИНЦИДЕНЦИЈА НА АКУТЕН КОРОНАРЕН НАСТАН КАЈ ЛИЦА СО ДИЈАБЕТЕС ТИП 2 ВО КЛИНИЧКАТА БОЛНИЦА ВО ШТИП

Е. Тасева[1], В. Велкоска Накова В[2], С. Николов[2], М. Јовев[2], Г. Камчева Михаилова[2], Докузова С. [2]

[1]Факултет за медицински науки, Универзитет Гоце Делчев-Штип

[2]Интерно одделение, Клиничка Болница -Штип

Вовед: Дијабетесот е значаен ризик-фактор за морбидитет и морталитет од артериосклероза и од неа детерминираните болести – коронарна артериска болест и цереброваскуларна болест. Долготрајноста на животот е за 20-30% намалена кај пациентите со дијабетес, а дијабетесот во развиениот свет сеуште е четврти фактор според фрекфенцијата на морталитетот.

Материјали и методи: Анализирани беа пациентите хоспитализирани во првите 6 месеци од 2016 година во клиничка болница Штип, со примарна дијагноза акутен коронарен синдром и веќе постоечки дијабетес тип 2.

Резултати: Бројот на пациенти со акутен коронарен синдром за првите 6 месеци во 2016 година изнесува 117. Од нив 66 пациенти (56,4%) се со дијабетес тип 2, на просечна возраст од 66 години. Просечните вредности на метаболните карактеристики на пациентите со дијабетес тип 2 беа: гликемијата на прием 10,36±6,8mmol/L, HbA_{1c} 7,7±1,3%, вкупен холестерол 4,86±1,3 mmol/L и триглицериди 1,9±0,9mmol/L. Коронарографија беше направена кај 52 од пациентите (79%), од кои кај 36 (69,2%) била неопходна некаква интервенција: стентирање кај 24 (46,1%), коронарен бајпас кај 9 (17,3%), РОВА кај 2 (3,8%) и тромбоаспирација кај 1(1,9%) пациент, а кај останатите 16 (30,8%) имало некритична стеноза. Четиринаесет пациенти поради технички причини биле упатени за коронарографија во друга институција. Кај 65% од пациентите гликемија на гладно беше над целните вредности. Кај 66,7% вредностите на вкупниот холестерол и триглицериди беа над препорачаните вредности за лица со дијабетес.

Заклучок: Пациентите со дијабет имаат зголемен ризик за акутен коронарен настан особено оние коишто имаат лоша гликорегулација и дислипидемија.

Клучни зборови: акутен коронарен синдром, дијабетес, HbA_{1c}, дислипидемија

INCIDENCE OF ACUTE CORONARY EVENT IN PEOPLE WITH TYPE 2 DIABETES AT THE CLINICAL HOSPITAL IN SHTIP

E. Taseva[1], V. Velkoska Nakova[2], S. Nikolov[2], M. Jovev[2], G. Kamcheva Mihailova[2], S. Dokuzova[2]

[1]Faculty of Medical Sciences, GoceDelchev-Stip University

[2]Internal Department, Clinical Hospital – Shtip

Introduction. Diabetes is a significant risk factor for morbidity and mortality from arteriosclerosisand of its deterministic diseases - coronary artery disease and cerebrovascular disease. The life durationin

population with diabetes is reduced about 20-30%, and the diabetes is still the fourth factor of mortality.

Materials and methods. Patients hospitalized in the first 6 months of the 2016 in the clinical hospital in Shtip with primary diagnosis of acute coronary syndrome and previously diagnosed type 2 diabetes were analyzed.

Results. The number of patients with acute coronary syndrome for the first 6 months in 2016 was 117. From these, 66 patients (56.4%) had type 2 diabetes mellitus. A total of 66 patients with an average age of 66 years were analyzed. The average values of their metabolic characteristics were: fasting glycaemia 10,36±6,8mmol/L, HbA_{1c} 7,7±1,3%, total cholesterol 4,86±1,3mmol/L, and triglycerides 1,9±0,9mmol/L. Coronary angiography was performed for 52 patients (79%), of which 36 (69.2%) needed some kind of intervention: 24 (46.1%) patients were stented, ACBP in 9 (17.3%) patients, POBA in 2 (3.8%) patients, and thrombaspiration in 1 (1.9%) patient, and in the remaining 16 (30.8%) there was uncritical stenosis. Fourteen patients for technical reasons were referred for angiography to another institution. In 65% of patients, fasting blood glucose was above target values. In 66.7%, the total cholesterol and triglyceride values were above the recommended values for people with diabetes.

Conclusion. Patients with type 2 diabetes have an increased risk of acute coronary events, especially those with poor glycoregulation and dyslipidaemia.

Keywords: acute coronary syndrome, glycemia, HbA_{1c}, dyslipidaemia

14

КЛАСИФИКАЦИЈА НА ПАЦИЕНТИТЕ СО АДУЛТЕН ДЕФИЦИТ НА ХОРМОНОТ ЗА РАСТ (AGHD) СПОРЕД АНАЛИЗА НА ИГФ-1

Г. Пемовска, Н. Божиновска, М. Тошевска, С. Јовановска Мишевска

Клиника за Ендокринологија , дијабетес и метаболички нарушувања, Скопје, Македонија

Медицински факултет, Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ - Скопје

Вовед: AGHD е прифатен клинички ентитет. Се карактеризира со повеќе неспецифични клинички абнормалности како промени во составот на телото поврзани со зголемена масна и намалена мускулна маса, намален аеробен капацитет на вежбање, намалена коскена маса како и промени во метаболизмот на липидите и јаглените хидрати и кардиоваскуларната функција. AGHD има негативно влијание врз когнитивното функционирање и психолошкото здравје, како и на квалитетот на животот (QOL). Дијагноза се базира на тестови за хормон за раст (GH) и единечни мерења на IGF-1 .

Материјал и методи: Направена е ретроспективна анализа на податоци од регистерот за питуитарни тумори. Вкупно беа вклучени 137 пациенти со хипофизна болест, од кои 86 мажи (на средна возраст од 47,7 години) и 51 жена (на средна возраст од 40,2 години). Пациентите се групирани во три групи според дефицитот на GH во детство- конгенитален дефицит (CO GHD), стекнале дефицит на GH како возрасни поради структурни лезии

или повреда на хипоталамо-хипофизната регија (AGHD) и оние кои имат идиопатски дефицит на GH .

Резултати: Повеќето од пациентите во етиологијата на нивната болест имаа хипофизни болести или тумор на хипофизата (97%), додека 2,9% имаа непозната етиологија. Хипофизните аденоми се доминантно присутни со 83,9% (од кои 89,5% мароаденоми, 10,4%, микроаденоми, несекретирачки 68,6%, секретирачки 31,2%), empty sella (3,6%), Turner-ов синдром 1,4%. Покрај наведените, во 72% беа застапени и други ендокрини пореметувања: дијабетес инсипидус 24%, нарушувања на тироидната 59,1%, адреналнтаа 46,7% и гонадалнта финкција 65,6 %.

Заклучок: Туморите на хипофиза се најчеста причина за AGHD. Низок IGF-1 е сигурен дијагностички показател за AGHD кај пациенти со хипопитуитаризам; нормален IGF-1 не исклучува AGHD.

Клучни зборови: дефицит на хормонот за раст, тумор на хипофиза, IGF-1

CLASSIFICATION OF PATIENTS WITH ADULT GROWTH HORMONE DEFICIENCY (AGHD) ACCORDING TO THE ANALYSIS OF IGF-1

G. Pemovska, N. Bozhinovska, M. Toshevska[1], Sasha Jovanovska Mishevska[1,2]

University clinic of endocrinology, diabetes and metabolic diseases, Skopje Macedonia

Medical faculty, University "St. Cyrillus and Methodius", Skopje, Macedonia

Introduction. AGHD is an accepted clinical entity. It is characterized by several non-specific clinical abnormalities such as: changes in the body composition - associated with increased fat and decreased muscle mass, reduced aerobic exercise capacity, decreased bone mass, as well as changes in the metabolism of lipids and/or carbohydrates and cardiovascular function. AGHD has a negative impact on cognitive functioning and psychological health, as well as quality of life (QOL). Diagnosis is based on growth hormone (GH) tests and single measurements of IGF-1.

Material and methods. A retrospective data analysis from the pituitary tumor registry at the Clinic of endocrinology in Skopje, with a ttotal of 137 patients with pituitary disease were included, of which 86 were men (at an average age of 47.7 years) and 51 women (at an average age of 40.2 years). Patients were divided into three groups: GH deficiency in childhood-congenital deficiency (CO GHD), acquired GH deficiency as an adult due to structural lesions or injury to the hypothalamic pituitary region (AGHD), and patients with idiopathic GH deficiency.

Results. Most patients had pituitary disease or pituitary tumor (98%), while 1.9% had unknown etiology. Pituitary adenomas are predominantly present with 83.9% (of which 89.5% are macro-adenomas, 10.4%, micro-adenomas, non-secreting 68.6%, secreting 31.2%), empty sella (3.6%), Turner syndrome 1.4%. In addition to the listed, 72% of the patients also have other endocrine disorders: diabetes insipidus 24%, thyroid disorders 59.1%, adrenal dysfunction 46.7% and

gonadal dysfunction 65.6%.

Conclusion. Pituitary tumors are the most common cause of AGHD. Low IGF-1 is a reliable diagnostic indicator for AGHD in patients with hypopituitarism, however normal IGF-1 does not exclude AGHD.

Key words: growth hormone deficiency, pituitary tumor, IGF-1

15

КОМПЛИКАЦИИТЕ ОД ДИЈАБЕТ КАКО ПРИЧИНА ЗА ХОСПИТАЛИЗАЦИЈА ВО КЛИНИЧКАТА БОЛНИЦА ВО ШТИП

А. Нацева[1], В. Велкоска Накова [2]

[1] Факултет за медицински науки, Универзитет Гоце Делчев-Штип, Р.Македонија

[2] Клиничка Болница, Штип, Р.Македонија

Вовед. Компликациите од нерегулираниот дијабетес се причина за честите хоспитализации на пациентите со дијабет. Цел на истражувањето беше застапеноста на хоспитализациите поради акутни и хронични компликации од дијабетес, гликорегулацијата, висината на артериският крвен притисок и липидниот статус кај овие пациенти, како и влијанието на овие параметри врз должината на хоспитализацијата.

Материјали и методи. Ретроспективно беа вклучени 143 последователни пациенти, хоспитализирани во период од 3 месеци поради акутна или хронична компликација од дијабетес на интерно одделение во Клиничката болница во Штип.

Резултати. Од вкупно 143 пациенти 44% беа мажи, а 56% жени. Од вкупниот број на хоспитализации 19,7% завземаат хоспитализациите поради компликации на дијабетот. Просечните вредности на анализираните параметри беа: возраст 67,7 ± 10,6 години, гликемијата на прием 15,2 ± 9,3 mmol/l, HbA_{1c} 8,9 ± 2,7 %, систолниот крвен притисок 135 ±33,2 mmHg, дијастолниот крвен притисок 80,6 ± 16,2 mmHg, вкупен холестерол 4,9 ± 1,7 mmol/l, триглицериди 2,02 ± 2,08 mmol/l и време на хоспитализација 6,7 ± 6,08 дена. Најчести компликации кои биле причина за хоспитализација се: коронарната артериска болест (57 пациенти или 39,86%), дијабетичната нефропатија (19 пациенти или 13,28%) и нерегулираната гликемија поради неприфаќање на инсулинска терапија или акутна инфекција (14 пациенти или 9,79%). Гликемијата на прием и возраста статистички значајно влијаеа на должината на хоспитапизација ($F=2,95$, $P<0,05$ и $F=9,55$, $p<0,01$, соодветно).

Заклучок. Нерегулираната гликемија кај пациентите со дијабетес значајно го зголемува бројот и должината на хоспитализаците во Клинчката болница во Штип.

Клучни зборови: дијабет, хоспитализација, компликации од дијабетес

COMPLICATIONS OF DIABETES AS A CAUSE FOR HOSPITALIZATION IN THE CLINICAL HOSPITAL IN SHTIP

A. Naceva[1], V. Velkoska Nakova [2]

[1] Faculty of Medical Sciences, University Goce Delchev-Shtip, Republic of Macedonia

[2] Clinical Hospital, Shtip, Republic of Macedonia

Introduction. The patients with diabetes are often hospitalized. The cause for that are complications of unregulated diabetes. The aim of this study was the frequency of the hospitalizations during 3 months due to acute and chronic diabetic complications, glycoregulation, levels of arterial blood pressure, the lipid status and their influence to the length of the hospitalizations.

Materials and methods. Retrospectively 143 consecutive patients hospitalized due to diabetic complications in the period of 3 months at the Department of Internal Medicine in the Clinical hospital in Shtip were included.

Results. From the total of 143 patients 44% were man, while 56% were woman. From the total number of hospitalizations, 19.7% belong to the hospitalizations due to diabetic complications. The average values of the analyzed parameters were: age 67.7 ± 10.6 years, glycemia at admission 15.2 ± 9.3 mmol/l, HbA_{1c} 8.9 ± 2.7 %, systolic blood pressure 135 ±33,2 mmHg, diastolic blood pressure 80.6 ± 16.2 mmHg, total cholesterol 4.9 ± 1.7 mmol/l, triglycerides 2.02 ± 2.08 mmol/l and time of hospitalization 6.7 ± 6.08 days. The most common complications were: the coronary artery disease (57 patients or 39.86%), the diabetic nephropathy (19 patients or 13.28%) and hyperglycaemia because of a nonacceptance of insulin therapy or an acute infection (14 patients or 9.79%). Statistically speaking, glycaemia at admission and the age significantly affected on the length of hospitalization (F=2,95, p<0,05 and F=9,55, p<0,01, respectively).

Conclusion. Unregulated glycemia at patients with diabetes significantly increases the number and the length of hospitalizations.

Key words: diabetes, hospitalization, complications of diabetes

16

МЕДУЛАРЕН КАРЦИНОМ НА ТИРОИДЕА- ПРИКАЗ НА СЛУЧАЈ

И. Битоска[1], И. Ахмети[1], Б. Тодорова[1], С. Ј. Мишевска[1], *К. Адамова*[1], *М.* Живковиќ[1], Г. Христов[2]

[1]Универзитетска клиника за ендокринологија, дијабетес и метаболни нарушувања, Скопје

[2]Општа болница Струмица

Вовед: Медуларниот тироиден карцином (МТЦ) е застапен со 5 % од сите тироидни канцери и настанува вообичаено од парафоликуларните Ц клетки. Постојат спорадични и фамилијарни форми. Прогнозата на МТЦ е полоша во споредба со другите диференцирани тироидни канцери.

Случај: Презентираме пациент на 67 години кој на ултрасонографски наод

покажа голем хипоехоген јазол во десниот лобус од тироидеата (4 x 3 x 5 см). Направената биопсија во два наврата на растојание од 8 месеци не покажа знаци за малигнитет. Три месеци по втората биопсија беше направен скен со Техницијум 99 со опишана ладна зона во централниот дел од десниот лобус. Беше направен и КТ на вратот со опис на цистична формација во истиот лобус. Пациентот беше опериран, извaден десниот лобус, при што хистопатолошката дијагноза беше МТЦ: pTNM = pT1 pNx pMx G2 Cx. По добиениот наод беше направена тотална тироидектомија. Хистопатолошката дијагноза беше со уреден наод, како и нивото на калцитонин во крвта.

Дискусија: Бидејќи постојат две форми на МТЦ, се направи евалуација во смисол на разграничување на состојбата. Докажавме дека се работи за спорадична форма на МТЦ врз база на негативна фамилијарна историја, нормалните вредности на катехоламини во плазма и урина, негативен резултат од генетичкото тестирање за РЕТ онкогени, уреден КТ на абдомен и уредните вредности на Хромогранин А.

Заклучок: МТЦ е невообичаен и редок тип на тироиден карцином, при што секогаш треба да мислиме на фамилијарен синдром и генетичко тестирање. Раната дијагноза придонесува за долго преживување. Тотална тироидектомија е исправниот третман. Сите пациенти треба да бидат уредно следени за да се избегне рецидив.

CASE REPORT OF MEDULLARY THYROID CARCINOMA

I.Bitoska[1], I. Ahmeti[1], B. Todorova[1], S.J.Mishevska[1], K. Adamova[1], M Zivkovic[1], G. Hristov[2]

[1]University Clinic of Endocrinology, Diabetology and Metabolic Disorders

[2]Public Hospital, Strumica

Introduction: Medullary thyroid carcinoma (MTC) constitutes around 5% of all thyroid cancers and usually arises from parafollicular C-cells. Both sporadic and familial forms are seen. The prognosis of MTC is worse as compared to differentiated thyroid cancers. Here, we present the case report of one patient with sporadic MTC.

Case report: We present a 67-year-old male with presence of one dominant hypoechoic nodule in the right lobe (4 x 3 x 5 cm) of thyroid ultrasonography. Fine-needle aspiration byopsy (FNAB) of the right right lobe was done twice, 8 months apart, with no malign cells discovered. Three months after the second FNAB, scan with Technicium 99 was done, which showed 'cold zone' in the middle of the right thyroid lobe. CT of the neck revealed cystic lesion in the same thyroid lobe.The patient underwent right lobe thyroidectomy. The final hystopatological finding was MTC: pTNM = pT1 pNx pMx G2 Cx. After getting the results, the patient performed another operation, this time total thyroidectomy. The second hystopatological finding, from the left thyroid lobe was normal. Calcitonin level was also normal.

Discussion: MTC can occur as a noninherited,sporadic disease. It can also be transmitted genetically. We showed that this case of MTC was of sporadic type on account of the absence of family history, normal plasma and urinary catecholamine levels, negative genetic testing for mutations in RET, normal CT scen of abdomen and normal Cromogranin A.

Conclusion: MTC is an uncommon and a rare thyroid malignancy. Genetic screening and the evaluation of familial syndromes should always be considered . Early diagnosis offers a long-term survival. Total thyroidectomy is the mainstay of treatment. All patients must be kept on regular follow-up to avoid recurrence.

17

"МЕНАЏМЕНТ НА ПИТУИТАРНА АПОПЛЕКСИЈА ВО ЕДИНИЦА ЗА ИНТЕНЗИВНО ЛЕКУВАЊЕ: ПРИКАЗ НА СЛУЧАЈ"

Наумовски Ф. [1], Дурнев В. [1], Поповски С. [1], Андоновска Б. [1], Трајковска В. [1], Толеска М. [1], Петрушева А[1], Карталов А. [1], Кузмановска Б. [1], Мишевска Ј. С. [2], Пемовска Г. [2]

1- ЈЗУ "Универзитетска Клиника за ТОАРИЛУЦ" – Оддел за Анестезиологија, реанимација и интензивно лекување - Скопје

2 – ЈЗУ "Универзитетска Клиника за Ендокринологија" – Скопје

Вовед. Питуитарната апоплексија е медицинска ургентност со инциденција од 2-7% кај питуитарните аденоми (1). Вообичаено настанува во петтата или шестата декада и почесто кај мажи. Хормонските дефицити од предниот резен се сретнуваат кај приближно 80% од пациентите, додека дефицитот на АСТН претставува животно-загрозувачка состојба која побарува третман во единица за интензивно лекување.

Приказ на случај. Прикажуваме случај на 55 годишен пациент примен во КАРИЛ со респираторна инсуфициенција и GCS 7 поради суспектна питуитарна апоплексија. Пациентот беше интубиран, седиран и поставен на механичка вентилација. Поради циркулаторен колапс пациентот беше третиран со континуирана инотропна поддршка и континуирана инфузија на Хидрокортизон 200mg/24h. КТ и МРИ покажаа постоење на интратуморозна хеморагија во питуитарниот аденом. Лабораториски беа детектирани хипонатриемија и хиперкалиемија. Хормонските анализи покажаа дефицит на STH, ACTH, TSH, LH и FSH. На 19тиот ден од приемот беше направена трансназална, трансфеноидална туморектомија. Пациентот разви полиурија која беше резистентна на терапија по што на 34тиот ден егзитираше.

Дискусија. Кај сите пациенти со суспектна питуитарна апоплексија итно треба да се направи МРИ кој овозможува точна дијагноза кај 90% од пациентите. КТМ дава конклузивна дијагноза кај 21-28% од случаите. Се препорачува апликација на глукокортикоидната заместителна терапија со Дексаметазон 8-16mg или Хидрокортизон 200mg дневно .

Заклучок. Отпочнувањето на глукокортикоидната заместителна терапија

веднаш е неопходна за да се превенира акутна адренална криза. Раната хируршка интервенција пред 8миот ден и корекцијата на електролитните нарушувања се од есенцијално значење.

"MANAGEMENT OF PITUITARY APOPLEXY IN INTENSIVE CARE UNIT: A CASE REPORT"

Naumovski F.[1], Durnev V. [1], Popovski S. [1], Andonovska B. [1], Trajkovska V. [1], Toleska M. [1],Petrusheva A [1], Kartalov A. [1],Kuzmanovska B.[1], Mishevska J. S. [2], Pemovska G. [2]

1 - PHI "University Clinic of TOARILUC"- Department of Anesthesiology, Reanimation and Intensive Care - Skopje

2 – PHI "University Clinic of Endocrinology" - Skopje

Introduction. Pituitary apoplexy (PA) is an medical emergency with incidence in pituitary adenomas of 2-7%. Usually occurs in the fifth or sixth decade, predominantly in males. Anterior pituitary deficiencies occur in nearly 80% of patients while ACTH deficiency is life-threatening condition which demands treatment in ICU

Case report. We present a 55 year old male admitted at KARIL with GCS 7 and respiratory insufficiency because of suspected pituitary apoplexy. The patient was intubated, sedated and mechanically ventilated. Because of circulatory collapse he was treated with continous inotrpic support and continous infusion of Hydrocortisone 200mg/24h. CT and MRI scanes revealed pituitary adenoma with intratumorous hemorrhage. Laboratory results reveled hyponatremia and hyperkalemia. Hormonal status has shown deficiency of STH, ACTH, TSH, LH and FSH. On the 19th day after admission transnasal, transphenoidal tumorectomy was done. The patient has developed significant polyuria resistant on therapy and has died on the 34th day of ICU admission.

Discussion. All patients with suspected pituitary apoplexy should undergo urgent MRI, which provides a diagnosis in more than 90% of patients. CT scan provide a conclusive diagnosis in 21% to 28% of cases. Glucocorticoid replacement is recommended with dexamethasone 8-16 mg daily or hydrocortisone 200 mg intravenously for 24 hours.

Conclusion. Urgent hormonal replacement therapy with glucocorticoids should be started due to prevention of acute adrenal insufficiency. Early surgical treatment before the 8th day and correction of electrolyte disturbances are essential.

18

МОНИТОРИРАЊЕ НА ГЛУКОЗА КАЈ ПАЦИЕНТИ СО ТИП 1 ДИЈАБЕТЕС: ПОСТОИ ЛИ РАЗЛИКА?

Живковиќ М., Петровски Г, Битоска И, Тодорова Б

Универзитетска клиника за Ендокринологија, Дијабетес и Метаболички нарушувања-Скопје

Цел:
Целта на студијата е евалуација на глукозната контрола при употреба на два различни системи за мониторирање на глукоза (Continuous Glucose Monitoring-CGM) , персонален (Abbott Freestyle Libre) наспроти професионален систем

(Minimed Ipro2) кај пациенти со тип 1 дијабетес на базал болус терапија.

Методи:
Вкупен број од 43 пациенти со тип 1 дијабетес на базал болус терапија со HbA_{1c}>8.0% беа рандомизирани во две групи:

Група со персонален систем (Personal CGM): 20 пациенти со Freestyle Libre (Abbott Diabetes Care), каде пациенти го употребуваа уредот 24/7, го скенираа сензорот неколку пати на ден и одговараа соодветно и

Група со професионален систем (Professional CGM): 23 пациенти со Minimed Ipro2 уред со En-lite сензор (Medtronic,CA), каде пациентите употребуваа по еден сензор месечно и не беа во можност да ги следат вредностите на мерењата (blinded CGM).

Редовни визити беа изведувани еднаш месечно, податоците беа анализирани со специфичен софтвер и според тоа беа давани насоки за базален и болусен инсулин, едукација за храна, физичка активност и третман на хипо/хипергликемија на пациентите. HbA_{1c} беше одреден пред почетокот, 3 и 6 месеци по студијата.

Резултати:
Двете групи значително ја подобрија гликемиската контрола (HbA_{1c}) од 8.4 ± 0.9% на 7.5 ± 0.6 % во групата со персонален уред, и од 8.3 ± 1.1% на 7.6 ± 0.8% во групата со професионален уред, без значајна разлика помеѓу двете групи на крајот од студијата. Во текот на студијата не беше регистрирана тешка хипогликемија во ниту една од испитуваните групи.

Заклучок: употребата на двата вида системи, персонален и професионален може да ја подобри глукозната контрола кај пациентите со тип 1 дијабетес. Понатамошна анализа на поголеми групи е потребна за да се потврдат овие наоди.

GLUCOSE MONITORING IN TYPE 1 DIABETES: CAN WE MAKE A DIFFERENCE?

Zivkovic M, Petrovski G, Bitoska I, Todorova I

University Clinic of Endocrinology, Diabetes and Metabolic Disorders, Medical Faculty, Skopje

Aim:
The aim of the study is to evaluate the glycemic outcomes of two different Continuous Glucose Monitoring (CGM) systems Personal (Abbott Freestyle Libre) vs Professional (Minimed Ipro2) in type 1 diabetes patients using multiple daily injections (MDI).

Methods:
A total number of 43 type 1 diabetes patients on MDI with HbA_{1c}>8.0% were randomized in two groups:

Personal CGM group: 20 patients using Freestyle Libre (Abbott Diabetes Care), where patients used the device 24/7 and scanned the sensor several times per day and responded adequately and

Professional CGM group: 23 patients using Minimed Ipro2 recorder with En-lite sensor (Medtronic,CA),where patients used one sensor per month and could not

see the glucose values (blinded CGM).

Regular clinic visits were obtained once per month, data were downloaded using specific software and instructions in basal and bolus insulin, education on food, physical activity and hypoglycemia/hyperglycemia were given to the patients. HbA_{1c} was obtained before, 3 and 6 months after the study.

Results:
Both groups significantly improved glucose control (HbA_{1c}) from 8.4 ± 0.9% to 7.5 ± 0.6 % in personal group and from 8.3 ± 1.1% to 7.6 ± 0.8% in professional group, with no significant difference between both groups at the end of the study. There was no severe hypoglycemia in both groups.

Conclusion:
Both personal and professional CGM can improve glucose control in type 1 diabetics. Further investigation on larger groups should be performed to confirm our findings.

19

НОВИ ТРЕТМАНИ ЗА ТЕРАПИЈА НА ДИЈАБЕТЕС ТИП 2 СО ДЕБЕЛИНА И КАРДИОВАСКУЛАРЕН РИЗИК

А. Куртоски

ЈЗУ Општа Болница Дебар, Центар за Дијабетес Мелитус

Вовед: Макроваскуларните компликации се најважните причини за морбидитет и морталитет кај болните со дијабетес мелитус (ДМ). GLP-1 агонист (Лираглутид) е одобрен и релативно нов лек во третман на Тип 2 ДМ. Неговата ефикасност во намалување на нивото на гликемијата е утврдена и асоцирана со намалување на телесната тежина ,крвниот притисок, лдл холестеролот, излачувањето на натриум преку бубрезите, ендотелната функција и кардиопротекцијата. Долгорочните ефекти на лираглутидот врз кардиоваскуларните резултати и други клинички значајни настани, евалуирани се во LEADER студијата.

Приказ на случај: Болниот следен во тек на 8 години. Прва посета: ТА-160/90 ммхг, БМИ-44, 14кг/м2, фпг-10ммол/л, ппг-15ммол/л, HbA_{1c}-9.4%, в. хол-8.4, хдл-1.1, лдл-7.3, тг-3.4, 10 год. ризик :,chd-48.2%,f. chd-31.5%,Stroke-11.2%, f. Stroke-2.1%, втора посета: ТА-150/80ммхг, BMI-39.04кг/м2, пулс АДП: + обострано, ЕКГ: уреден наод. Лабараторија: фпг-7.8, ппг-11.3, HbA_{1c} -8.1%, в.хол.-5.6, хдл-1.3, тг-2.1, 10 год.ризик: chd -31.1%,f.chd-21.6%, stroke-12.6%,f.stroke-2.1% ,Трета посета:ТА-140/80, БМИ-35.93кг/м2, Лаб.: фпг-6.4, ппг-10.7, ХбА1ц-7.6%, в.хол-5.1, хдл-1.3, тг-1.8, 10 год.ризик: chd-33.3%, f.chd-24.9%, stroke-19.%, f.stroke-2.8%, Коронарографија ; 05.08.2014 год.Кл. за Кардиологија: упатна дг.: АП,ХТА, наод:историја на болеста бр.234835/наод бр.1020788,упат бр.НВ26373,наод:без значајни стеснувања на коронарните крвни садови.

Препорака: медикаментозен третман.

NEW TREATMENTS FOR THE TREATMENT OF TYPE 2 DIABETES WITH OBESITY AND CARDIOVASCULAR RISK

A. Kurtoski

General hospital Debar, Center for diabetes mellitus

Introduction, Macro-vascular complications are the most important causes of morbidity and mortality in patients with DM. Acute coronary syndrome, myocardial infarction (heart attack), stroke (brain attack), peripheral arterial disease are the most common macrovascular complications, and the most common causes of death and disability in patients with DM.

The GLP-1 agonist (Liraglutide) has been approved, a relatively new drug (medicine) in the treatment of Type 2 DM. Its efficacy in reducing the level of glucose has been identified and associated with a reduction in body weight, blood pressure, cholesterol, sodium excretion through the kidneys, endothelial function and cardioprotection. The long-term effects of Liraglutide on cardiovascular results and other clinically significant events have been evaluated in the LEADER study.

Case report: A patient who has been followed for 8 years. First visit: BP-160 / 90mmhg, BMI-44,14kg / m2, fpg-10mmol/l, ppg-15mmol/l, HbA_{1c}-9.4%, t.chol.-8.4, hdl-1,1, ldl – 7.3, tg- 3.4, 10 years risk:chd-48.2%, f. chd-31.5%, Stroke-11.2%, f. Stroke-2.1%, second visit: BP-150/80mmhg, BMI-39.04kg/m2, pulse ADP: + mutually, ECG: orderly. LABORATORY: fpg-7.8, ppg-11.3, HbA_{1c}-8.1%, t.chol.-5.6, hdl-1.3, tg-2.1, 10 year period risk: chd -31.1%, f.chd-21.6%, stroke-12.6%, f.stroke-2.1%, Third visit: TA-140/80mmhg, BMI-35.93kg/m2, Lab: fpg-6.4, ppg-10.7, HbA_{1c}-7.6%, t.chol-5.1, hdl-1.3, tg-1.8, 10 years risk: chd-33.3%, f.chd-24.9%, stroke-19.%, f.stroke-2.8%, Coronarography; 05.08.2014 year. Cardiology Clinic: referral dg: AP, HTA, finding: history of the disease no.234835 / finding no. 1020788, reference no. NB26373, finding: without significant narrowing of the coronary vessels.

Recommendation: drug treatment.

20

ОСТЕОПОРОЗА КАЈ МАЖИ

Д.Стефановска, А.Геговска, Г. Пемовска

Клиничка Болница Тетово, Македонија

Универзитетска Клиника за ендокринологија, дијабетес и болести на метаболизмот, Скопје, Македонија

Вовед: Остеопорозата е хронично, метаболно, системско, скелетно заболување, кое се карактеризира со ниска коскена маса, нарушена микроархитектоника на коскеното ткиво, што резултира со зголемена фрагилност на скелетот. Како последица на тоа се зголемува склоноста за настанок на фрактури. 30-40% од фрактурите поради остеопороза се јавуваат кај мажи. Мажите со фрактура на колк имаат 2-3 пати повисока стапка на смртност во однос на жените. Примарни ризик фактори: вертебрална компресивна фрактура по 40 година од животот, напредната возраст, долготрајна систем-

ска глукокортикоидна терапија. Други ризик фактори: висок внес на алкохол, пушење, хипогонадизам, присуство на други ендокрини заболувања (хиперпаратиреоидизам, хипертиреоидизам, неадекватен внес на витамин D), малигни заболувања и хронични заболувања на белите дробови. Дијагнозата се поставува со мерење на минералната коскена густина (BMD) на колк, горен фемур, како и на 1/3 радиус (особено кај мажи над 60 год.) поради почеста застапеност на дегенеративни промени на рбетот и колкот.

Цел: Да се осврнеме на остеопорозата кај мажите како посебен здравствен проблем.

Материјал и методи: Анализирана е група од 40 пациенти во 2017 година кои правеле DEXA скен за процена на BMD на Клиниката за Ендокринологија во Скопје.

Резултати: Мажи на возраст под 50 години беа 12, од 50-70 години 22, а над 70 години 6 пациенти. Остеопороза потврдена со DEXA скен (T-score > - 2.5 SD) беше дијагностицирана кај 24 пациенти, од кои низок T- score имаше во лумбален рбет кај 8, во горен фемур кај 4, а заедно во лумбален рбет и горен фемур кај 12 пациенти. Остеопенија (-1<T-score < -2.5 SD) имаше кај 7, а нормален коскен дензитет се измери кај 9 пациенти. Асоцираност со фрактури на лумбален рбет или горен фемур имаше кај 8, со карциноми кај 7, а со ендокринолошки и метаболни заболувања кај 20 пациенти.

Заклучок: Остеопорозата кај мажите со сите свои специфичности опфаќа значителен процент од вкупниот морбидитет кај возрасната популација, поради што е потребна добра евалуација и превенција.

OSTEOPOROSIS AMONG MEN

D.Stefanovska, A. Gegovska, G Pemovska

Clinical Hospital Tetovo Macedonia

University Clinic for Endocrinology, Diabetes and Metabolic disorders, Skopje, Macedonia

Introduction: Osteoporosis is a chronic, metabolic, systemic, skeletal disease characterized by low bone mass, disrupted microar architectonics of bone tissue, resulting in increased fragility of the skeleton. As a consequence, the propensity for occurrence of fractures increases. 30-40% of fractures due to osteoporosis occur in men. Men with hip fracture have a 2-3 times higher mortality rate than women. Primary risk factors: vertebral compression fracture after 40 years of life, advanced age, long-term systemic glucocorticoid therapy. Other risk factors: high alcohol intake, smoking, hypogonadism, the presence of other endocrine disorders (hyperparathyroidism, hyperthyroidism, inadequate intake of vitamin D), malignant diseases and chronic lung disease. The diagnosis is made by measuring the bone mineral density (BMD) of the hip, upper femur, and 1/3 radius (especially in men over 60 years) due to the increased prevalence of degenerative changes in the spine and hip.

Objective: Taking into consideration osteoporosis among men as a special health problem.

Material and Methods: It had been analyzed a group of 40 patients in 2017 who take DEXA BMD assessment scan at the Clinic for Endocrinology in Skopje.

Results: There were 12 men under 50 years of age, 50-70 years old 22, and over 70 years of age 6 patients. Osteoporosis confirmed with a DEXA scan (2.5-SD) was diagnosed in 24 patients, of which a low T score was in lumbar spine at 8, in upper femur in 4, and together in the lumbar spine and upper femur in 12 patients. Osteopenia (-1 <T-score <-2.5 SD) was in 7, and normal bone density was measured in 9 patients. Associated with fractures of the lumbar spine or upper femur had in 8, with carcinomas in 7, and with endocrine and metabolic diseases in 20 patients.

Conclusion: Osteoporosis among men with all its specificities encompasses a significant percentage of the total morbidity among adult population, which requires good evaluation and prevention.

21

ПРИКАЗ НА СЛУЧАЈ: ПЕРИКАРДЕН ИЗЛИВ СО ПРЕТЕЧКА ТАМПОНАДА НА СРЦЕ КАЈ ПАЦИЕНТКА СО МИКСЕДЕМ (И НЕДИЈАГНОСТИЦИРАНА ХИПОТИРОЗА)

Л. Груева[1], Е. Груева Настевска[1], Н. Божиновска Н[2], А. В. Груева Каранфилова[3]

1 ЈЗУ Универзитетска Клиника за кардиологија

2 ЈЗУ Универзитетска Клиника за ендокринологија, дијабетес и метаболни нарушувања

3 ЈЗУ Универзитетска Клиника за пулмологија и алергологија

120

Вовед: Хипотирозата е едно од најчестите ендокринолошки заболувања, со лесно достапни дијагностички тестови и препознатливата клиничка слика. Една од најважните кардиоваскуларни компликации на хипотиреозата е перикардниот излив, а инциденцата на оваа компликација е помеѓу 30-75%, додека тампонадата на срце е ретка состојба која бара итен хоспитален третман кај овие пациенти.

Приказ на случај: Жена на возраст од 60 години хоспитализирана на Клиниката за кардиологија во Скопје, со симптоми на општ замор и диспнеа. За време на физикалниот преглед пациентката со забавен говор, сува и перутеста кожа, лесно кршливи нокти и сува коса, како и видливи периорбитални отоци билатерално. Од виталните параметри: срцева фреквенца (СФ) со 85 удари во минута, крвен притисок (ТА) од 180/100mmHg. Електрокардиографскиот (ЕКГ) наод со микроволтажа и аплатиран Т бран во сите одводи. При ехокардиографски преглед беше потврдено присуство на голем перикарден излив кој врши компресија на десни срцеви кавитети, "танцувачко срце" , по што беше индицирана перикардиоцентеза. Лабораториските анализи во прилог на напредната и нетретирана хипотироза.

Дискусија: Перикардниот излив (ПИ) кај пациенти со хипотиреоза зависи од тежината и степенот на болеста и е честа манифестација при микседем, но ретко се јавува кај почетни форми на хипотиреоза. Во Македонија, пред се во руралните средини, се случува пациентите со хипотироза да не бидат дијагностицирани подолг временски период и со тоа да дојде до компликација.

Заклучок: Брзата дијагноза на ПИ е од круцијално значење, затоа што постои и значително зголемен ризик за срцева тампонада. Клиничкото иследување и исход кај поголемиот број на пациенти со хипотироза е задоволителен по аплицирањето на соодветен третман со тироксин.

CASE REPORT: HYPOTHYROID CARDIAC TAMPONADE

L. Grueva[1], E. Grueva Nastevska [1], N. Bozhinovska [2], V. A. Grueva Karanfilova[3]

1 University clinic of cardiology

2 University clinic of endocrinology, diabetes and metabolic diseases

3 University clinic of pulmonology and allergology

Introduction: Hypothyreosis is one of the most common diseases in endocrinology, which can be diagnosed easily with the current diagnostic procedures and a typical clinical expression. One of the most frequent cardiological complication of hypothyroidism is the pericardial effusion, with incidence of 30-75%, while the heart tamponade is a very rare complication that requires urgent treatment.

Case report: 60 year old woman was admitted to the clinic of Cardiology in Skopje, dispnoic with a general malaise. During the physical exam the patient was with slower speech, dry skin and hair, brittle nails, bilateral periorbital oedema. Vital signs: heart rate 85 beats per minute, blood pressure 180/100mmHg. Electrocardiography findings showed low voltage and flattened T wave in all leads. During the echocardiography exam was confirmed a large pericardial effusion with a compression on the right-sided cavities and a “swinging heart”, and pericardiocentesis was indicated. Laboratory findings showed advanced and untreated hypothyreosis.

Discussion: The amount of pericardial effusion (PE) in patients with hypothyreosis is correlated with the progress of the disease, and is very common in myxedema, but very rare in mild forms of hypothyreosis. In Macedonia, especially in the rural environments, patients with hypothyreosis are mostly undiagnosed on time, so the complications are more frequent.

Conclusion: Effective and on time diagnose of PE is crucial, because of the high risk of cardiac tamponade. Positive outcome and hemodynamic stability in most of the patients with hypothyreosis is achieved after the application of appropriate thyroxin treatment.

22

ПРЕГЛЕД НА АДУЛТНИ ПАЦИЕНТИ СО ЦЕНТРАЛЕН ХИПОТИРОИДИЗАМ

Н. Божиновска, Г. Пемовска, М. Тошевска, С. Јовановска Мишевска, Т. Миленковиќ

Универзитетска Клиника за ендокринологија, дијабетес и метаолички заболувања - Скопје

Вовед: Централен хипотироидизам се јавува како резултат на недоволна симулација од страна на тироидно-стимулирачкиот хормон (ТСХ) врз инаку нормо-функционална тироидна жлезда. Проценките се дека 1 на 80,000 лица до 1 на 120,000 лица имаат централен хипотироидизам. Кај возрасни најчестата

причина се макроаденоми на хипофизата, оперативен третман на хипофизата и/или состојби после зрачење на хипофизата.

Материјали и методи: Направивме ретроспективна анализа во која вклучивме 137 пациенти со тумори на хипофиза и хипофизни болести. Пациентите од кои 86 беа мажи (на средна возраст од 47,7 години) и 51 жена (на средна возраст од 40,2 години), беа следени во период од 12 години. Нивото на ТСХ и слободниот тироксин во крвта беа анализирани во повеќе наврати. Пациентите ги поделивме во две групи: пациенти со централен хипотироидизам како резултат на тумор на хипофизата или болест на хипофизата пред да се иницира било каков третман и пациенти кои се оперирани и/или биле под ирадациона терапија .

Резултати: 53 пациенти беа дијагностицирани со централен хипотироидизам на првите контроли, од кои 66% имаа макроаденоми, 9.4% микроаденоми, 18.8% краниофарингеоми и 5.6% од пациентите имаа болести на хипофизата од друга етиологија. Од преостанатите 84 пациенти, кај вкупно 31 пациент дојде до појава на централен хипотироидизам како последица на оперативен или зрачен третман на хипофизата.

Заклучок: Во нашата анализа вкупно 84 пациенти или 61.3% имаа централен хипотироидизам, од кои кај 98% причина беше тумор на хипофизата и/или третман со цел отстранување на туморот. Од вкупниот број на тумори, 85% беа макроаденоми, што е во согласност со светската статистика достапна во моментот.

Клучни зборови: Централен хипотироидизам. Тумори на хипофиза

REVIEW OF ADULT PATIENTS WITH CENTRAL HYPOTHYROIDISM

N. Bozhinovska, G. Pemovska, M. Toshevska , S. Jovanovska Mishevska , T. Milenkovic

University Clinic of endocrinology, diabetes and metabolic disorders - Skopje, Macedonia

Introduction. Central hypothyroidism is defined as hypothyroidism due to insufficient stimulation by thyroid stimulating hormone (TSH) of an otherwise normal thyroid gland[1]. It has an estimated prevalence of approximately 1 in 80,000 to 1 in 120,000[2]. In adults, it is usually due to pituitary macroadenomas, pituitary surgeries or post-irradiation [3].

Materials and methods: In this retrospective data analysis from the past 12 years we included a total of 137 adult patients with pituitary tumors and pituitary diseases. Of the total number of patients, 86 were men (age of 47.7 years) and 51 women (average age of 40.2 years). We measured TSH and free thyroxine (fT4) levels in all patients on multiple occasions. We divided the patients into two groups: patients with central hypothyroidism due to pituitary tumor or pituitary disease before any treatment was initiated, and patients who underwent pituitary surgeries and/or irradiation.

Results: 53 patients (38.6%) had central hypothyroidism on the first control, of which 66% had macroadenomas, 9.4% had microadenomas, 18.8% had craniopharyngiomas and 5.6% of the patients

had pituitary disease with other etiology. Of the remaining 84 patients, a total of 31 patient (36.9%) developed iatrogenic central hypothyroidism post-surgery and/or post-irradiation.

Conclsion: In our analysis, a total number of 84 patients (61.3%) developed central hypothyroidism, of which 98% had pituitary tumors and/or underwent surgery for the purpose of extracting pituitary tumor. Of the total number of tumors, 85% were macroadenomas which confirms the previously mentioned worldwide occurence.

Key words: Central hypothyroidism, Pituitary tumors

23

ПРИКАЗ НА РЕДОК СЛУЧАЈ НА НЕУРОФИБРОМАТОЗА ТИП 1 СО ФЕОХРОМОЦИТОМ

М. Михајловска, Г. Пемовска, И. Битоска

Вовед: Пациентите кај кои е дијагностицирана неурофиброматоза тип 1 (НФ1) имаат генетска предиспозиција за развој на ретки тумори од неуроектодермално и мезенхимално потекло, вклучувајќи го и феохромоцитомот. Ваквите случаи се исклучително ретки.

CASE REPORT: Прикажуваме случај на НФ1 и феохромоцитом. Станува збор за 37 годишен пациент кај кој од рана возраст клинички е поставена дијагноза за НФ1, која подоцна истата е и патохистолошки потврдена. На Одделот за Ендокринологија се јавува поради интензивни главоболки и епизоди на интермитентна хипертензија. Имајќи ја во предвид клиничката слика како и фактот дека кај пациентот претходно е потврдена дијагноза за НФ1, поставено е сомнение за феохромоцитом.

За дијагноза и локализација на феохромоцитомот, направени се лабораториски испитувања за ванилманделична киселина (ВМА) и метанефрини во урина, како и ултразвук и КТ на абдомен. Откако е детектиран тумор во десната надбубрежна жлезда, направена е десна адреналектомија по што дијагнозата за феохромоцитом е потврдена и патохистолошки.

Заклучок: Нашиот случај потврдува дека иако НФ1 со феохромоцитомот ретко се јавуваат здружено, сепак доколку пациентот има позитивна анамнеза за НФ1 и хипертензија, потребно е да се размислува во правец на феохромоцитом. Ваквиот приод е особено значаен, затоа што постои можност со оперативниот третман да се отстрани причината за хипертензија.

A RARE PRESENTATION OF NEUROFIBROMATOSIS TYPE 1 WITH A PHEOCHROMOCYTOMA – CASE REPORT

M. Mihajlovska, G. Pemovska, I. Bitoska

Introduction: Individuals diagnosed with NF1 are genetically predisposed to a number of less common tumors of neuroectodermal or mesenchymal origin, including pheochromocytoma. However, this is extremely rare.

CASE REPORT: We present a case of a patient with NF 1 and a pheochromocytoma.

The 37 year old patient was previously diagnosed with NF1. He had all the clinical signs of the disease including café-au-lait macules and neurofibromas. The diagnosis was also pathologically confirmed. He consulted the Department of Endocrinology because he was experiencing headaches and intermittent hypertension. Taking in consideration the clinical signs, symptoms and the fact that the patient was with a previously confirmed diagnosis of NF 1, there was a high index of suspicion for a pheochromocytoma.

The methods used for diagnosis and localization of the pheochromocytoma where biochemical testing of urine metanephrines and vanillymandelic acid, ultrasonography and a CT scan of the abdomen. After a tumor mass was detected in the right suprarenal gland, right adrenalectomy was performed and the diagnosis of pheochromocythoma was pathologically confirmed.

Conclusion: Our case confirms that although NF1 and pheochromocytoma is a rare combination in clinical praxis, if the patient has NF1 and hypertension, he should undergo a testing for pheochromocytoma. This is important because if a pheochromocytoma is confirmed, the surgical removement of the tumor would mean resolution of the clinical features of the pheochromocytoma, like the intermittent hypertension.

24

ПРИКАЗ НА СЛУЧАЈ КАЈ ПАЦИЕНТ СО МЕШАН МЕДУЛАРО-ПАПИЛАРЕН КАРЦИНОМ НА ТИРОИДЕА

Билјана Тодорова , Искра Битоска , Саша Јованоска Мишевска, Катерина Адамова , Марија Живковиќ, Арѓент Муча, Ирфан Ахмети

ЈЗУ УК за Ендокринологија, Дијабетес и болести на метаболизмот

Вовед: Медуларниот карцином на тироидеа потекнува од парафоликуларните Ц клетки на тироидната жлезда. Овие Ц клетки продуцираат калцитонин, серотонин и вазоактивни интенстинални пептиди и затоа се смета за невроендокрин тумор. 5% од сите карциноми на тироидната жлезда отпаѓаат на медуларниот карцином. Се јавува во спорадична форма во 70% и фамилијарна форма во 10 -20% од случаите во склоп на МЕН 1 и МЕН 2 синдром.

Приказ на случај: Пациент на возраст од 44 години се јавил на преглед поради симптоми на срцебиење,главоболка и отежнато дишење. Имал уредна лабораторија освен покачени вредности на туморски маркери CEA 73,3ng/ml, CA 19-9- 58,0U/mL,TSH-1,23; fT4-1,19, calcitonin-169 pg/ml.На ултразвук на каротиди визуелизирана билатерална лимфаденопатија, направен ултразвук на тироидеа со наод на хипоехоген нодус во левиот лобус со димензии од 51 мм. Направена пункција на јазолот со патохистолошка потврда за класификациона група V. Потоа е направена тотална тироидектомија со екстрипација на 5 лимфни јазли од левата вратна регија и од десната вратна регија еден

лимфен јазол, со патохистолошка потврда за мешан, папиларно- медуларен карцином. Хормонска евалуација- исклучен МЕН синдром. Наодот од молекуларна патологија и РЕТ протоонкоген нема клиничко значење.Постоперативно поставен на субституциона терапија со левотироксин и поради јатроген хипопаратироидизам со калциум и калцитриол. Шест месеци подоцна е реопериран поради метастази во пределот на вратот.

Заклучок: Медуларниот карцином е редок карцином на тироидеа.Генетски скрининг и евалуација за МЕН синдром е задолжително предоперативно кај сите пациенти. Радиотерапија не е направена поради резистентноста на овој хистолошки тип на тумор.

CASE REPORT OF PATIENT WITH MIXED MEDULAR-PAPILLARY CARCINOMA OF THE THYROID GLAND

Biljana Todorova, Iskra Bitoska, Sasha Jovanoska Misevska, Katerina Adamova, Marija Zivkovik, Argjent Muca, Irfan Ahmeti

University Clinic of Endocrinology, Diabetes and Metabolic disorders

Introduction: The medullary carcinoma of the thyroid gland is derived from the parafollicular C cells of the thyroid gland. These C cells produce calcitonin, serotonin, and vasoactive intestinal peptides, and therefore are considered a neuroendocrine tumor. 5% of all thyroid carcinoma account for medullary carcinoma. It occurs in sporadic form in 70% and familial form in 10-20% of cases within MEN 1 and MEN 2 syndrome.

Case Report: We present a 44 year old patient with symptoms of heartbeat, headache and wheezing. He had normal laboratory except elevated values of tumor markers CEA 73.3ng / ml, CA 19-9-58.0U / mL, TSH-1.23; fT4-1.19, calcitonin-169 pg / ml. The ultrasound of carotid arteries visualized bilateral lymphadenopathy, followed by ultrasound of the thyroid gland with a hypoehogenic nodus in the left lobe with dimensions of 51 mm. Was performed biopsy of the node, with the pathohistological confirmation of the classification group V. Total thyroidectomy was performed with the extirpation of 5 lymph nodes from the left neck region and one lymph node from the right neck region, with a pathohistological confirmation of mixed, papillary-medullary carcinoma. Hormone evaluation excluded MEN syndrome. The finding of molecular pathology and RET protooncogens did not have clinical significance. The patient was treated with levothyroxine, and because of iatrogenic hypoparathyroidism he was taking calcium and calcitriol. Six months later he was re-operated due to metastases in the neck area.

Conclusion: Medullary carcinoma is a rare thyroid cancer. Genetic screening and evaluation for MEN syndrome is mandatory preoperative in all patients. Radiotherapy has not been made due to the resistance of this histological type of tumor.

25

ПРИКАЗ НА СЛУЧАЈ КАЈ ПАЦИЕНТ СО ТИРОИДНО АСОЦИРАНА ОРБИТОПАТИЈА И ХИПОТИРОИДИЗАМ

Билјана Тодорова, Невенка Лабан Гучева, Искра Битоска, Катерина Адамова, Марија Живковиќ, Ивана Младеновска Стојкоска, Гоце Христов (2)

ЈЗУ УК за Ендокринологија, Дијабетес и болести на метаболизмот

Општа Болница Струмица (2)

Вовед: Тироидно-асоцирана орбитопатија, која што неодамна беше нарекувана како Graves офталмопатија, е дел од автоимун процес кој може да го афектира орбиталното и периорбиталното ткиво, тироидната жлезда и поретко кожата предтибијално или прстите

(тироидна акропатија).

Приказ на случај**:** Презентираме пациентка на 39 години која што беше хоспитализирана поради пречки во видното поле во вид на двојни слики,испакнатост на левото око и силни главоболки. Пациентката е со Хашимото тироидитис од пред 9 години, во еутиреотична состојба, на терапија со левотироксин. Породена пред 7 месеци, второ дете.

Резултати: Од биохемиските анализи имаше уредни тироидни хормони - TSH- 0,314 mU/l; fT4- 18,7pmol/l; покачен АТП-О> 1000,0; анти-тироглобулин -423,0, TSI антитела- 0,910 IU/L; Вит.Д- 12,75ng/ml; пролактин-12,38 ng/ml; Hertel OD-17mm; OS-20 mm. МРИ на мозок- микроаденом на хипофизата со дијаметар од 2мм.МРИ на орбити-латерален, медијален и супериорен м.ректус со зголемен промер за околу 5 мм. Дискретен егзофталмус , разлика од 1-2 мм. ВЕП-Уреден наод. СЕП на n.medianus и n.tibialis posterior уредни. УЗ на тироидеа- Хипоехогена, изразено нехомогена со бројни хиперехогени нишки во обата лобуси.

Дискусија: Пациентка со Хашимото тироидитис и тироидно асоцирана орбитопатија третирана со пулсна кортискостероидна терапија поради двојните слики.Пациентката беше еутиреотична со високи вредности на АТП-О ,анти-тироглобулин и TSI антитела што ја потврдуваат автоимуната природа на болеста.

Заклучок: Тироидно асоцирана орбитопатија најчесто се јавува кај пациенти со M.Graves, но може да се јави и кај пациенти кои се еутиреотични, хипотиреотични, пациенти со тироиден канцер и зрачење во пределот на вратот.

CASE REPORT OF PATIENT WITH THYROID ASSOCIATED ORBITOPATHY AND HYPOTYROIDISM

Biljana Todorova (1), Nevenka Laban Guceva (1), Iskra Bitoska (1), D-r Katerina Adamova (1), Ivana Mladenovska Stojkoska (1), D-r Marija Zivkovik (1), Goce Hristov (2)

University Clinic of Endocrinology, Diabetes and Metabolic disorders (1)

General Hospital Strumica (2)

Introduction: Thyroid-associated orbitopathy, recently referred as Graves Ophthalmopathy, is part of an autoimmune process that can affect orbital and periorbital tissue, the thyroid gland, and rarely the skin of pretibial region or fingers (thyroid acropathy).

Case Report: We present a 39-year-old patient who was hospitalized due to visual impairment in the form of double images, bulge of the left eye and severe headaches. The patient is with Hashimoto's thyroiditis for 9 years, in the euthyroid state, on Levotyroxin therapy. She gave birth 7 months ago, second child.

Results: From biochemical analyzes there were normal thyroid hormones - TSH- 0.314 mU / l; fT4- 18.7pmol / l; elevated ATP-O> 1000.0; anti-thyroglobulin-423.0, TSI antibody-0.910 IU / L; Vit D- 12.75ng / ml; prolactin-12.38 ng / ml; Hertel OD-17mm; OS-20 mm. MRI of the pituitary- microadenoma 2 mm diameter, MRI of orbits- Lateral, medial and superior m. rectus with an increased clearance of about 5 mm. Discrete exophthalmus, difference of 1-2 mm. VEP-normal finding. SEP of n.medianus and n.tibialis posterior normal. US of thyroid-Hypoechogenic, expressed non-homogeneous with numerous hyperechogenic filaments in both lobes.

Discussion: Patient with Hashimoto thyroiditis and thyroid-associated orbitopathy that was treated with pulse corticosteroid therapy due to double images . The patient was eutireotic with high values of ATP-O, anti-thyroglobulin and TSI antibodies that confirmed the autoimmune nature of the disease.

Conclusion: Thyroid-associated orbitopathy usually occur in patient with Graves disease, but also can occur in patient who are euthyroid, hypothyroid, patients with thyroid cancer, and radiation in the neck area.

26

ПРИКАЗ НА СЛУЧАЈ: ПАЦИЕНТ СО АКРОМЕГАЛИЈА

Т. Илијоска, А. Сејдини, О. Сејдини

Вовед. Акромегалија е болест која се карактеризира со зголемување на одредени делови на телото под влијание на хормонот за раст (GH), кај луѓе со завршен раст. Таа е болест на целиот организам, која се карактеризира со раст на дисталните делови на коските, рскавиците, мускулите, меките ткива и внатрешните органи.

Приказ на случај. Пациент А.С. на 42 годишна возраст, со тип 2 дијабетес мелитус (ДМ) веќе 3 години на терапија со орални антидијабетични лекови. Се јавил на лекар поради испади во видно поле, главоболка, вртоглавица и варирање на гликемиските вредности. Гликемиските вредности со варијации од 25 до 4mmol/L. Покрај наведеното, дава податок за зголемување на бројот на чевлите за 2 броја во последните 4-5години.

Резултати. Направени беа ендокринолошки тестови, односно во повеќе наврати беше мерен хормонот за раст =6,1…11,5ng/ml, фактор на раст сличен на инсулин - 1 (ИГФ-1)=615ng/ml, пролактин =35,13ng/ml, Тестостерон - 3,38nmmol/l, HbA_{1c}- 10,2%. Реализирана беа и радиолошки иследувања, односно МРИ на хипофиза со која во проекција на села турцика се детектира јасно ограничен експанзивен субстракт со хетеросигнални карактеристики (со цистична компонента) со димензии 20,1x24,4 мм, кој експандира пре-

ма супраселарна цистерна и хијазма и истата ја елевира - наод во прилог на макроаденом.

Заклучок**.** Се работи за пациент со акромегалија и ДМ тип 2. Кај пациентот треба да се отпочне со терапија со сандостатин и инсулинска терапија. Препорака да се јави на Клиника за неврохирургија за закажување на термин за операција.

CASE REPORT: A PATIENT WITH ACROMEGALY

T. Ilijoska, A. Sejdini, O. Sejdini

Introduction. Acromegaly is a disease characterized by the elevation of certain parts of the body under the influence of the growth hormone (GH), which is endemic with growth. It is a disease of the whole organism, characterized by the growth of the distal parts of the bones, cramps, muscles, soft tissues, intestinal organs.

Case report: Patient A.C. at the age of 42, with type 2 diabetes mellitus (DM) for 3 years on oral antidiabetic drugs. He is complaining of changes in his visual field, headache, dizziness and variation of the glycemic values. Glycemic values variate from 25 to 4 mmol / L. In addition the patients gives information for increased number of shoes in the last 4-5 years.

Results. Endocrine tests were carried out, i.e. the growth hormone was measured on several occasions = 6.1 ... 11.5ng/ml, as well as insulin-like growth factor-1 (IGF-1) = 615ng/ml, prolactin = 35.13ng/ml, testosterone 3.38nmol/l, HbA_{1c}- 10.2%. Radiological investigations were carried out i.e. MRI of the pituitary gland, which showed a clearly limited expansive substrate with heterologous characteristics (with a cystic component) in the projection of sella turcica, with dimensions 20,1 x24,4 mm, that expands to the suprasellar cistern and chiasm, - a finding conclusive for macro adenoma.

Conclusion. It is a patient with acromegaly and DM type 2. The patient should start therapy with sandostatin and insulin. Recommendation for a neurosurgical consult.

27

ПРИМАРЕН ХИПЕРПАРАТИРОИДИЗАМ ВО БРЕМЕНОСТ

К.Адамова, И.М.Стојкоска, И.Битоска, Б.Тодорова

Клиника за Ендокринологија, дијабетес и метаболни заболувања, Скопје, Република Македонија

Вовед. Примарен хиперпаратироидизам (ПХПТ) е заболување на паратироидните жлезди, каде хиперпродукцијата на паратироиден хормон (ПТХ) резултира со хиперкалцемија. ПХПТ е ретко заболување во бременоста и нетретирано претставува ризик за мајката и за плодот.

Приказ на случај. Пациентката беше примена на Клиниката за Ендокринологија во Скопје, 21ден после породување, заради иследување, после хипокалцемични конвулзии и апнеи на новороденчето. Лабораториските иследувања покажаа високо ниво на PTH 123.3pg/ml (15-65), хиперкалцемија Ca 2.77mmol/L..2.63mmol/L (2.10-2.55), Ca++ 1.58mmol/L (1.10-1.40), AlkP 75U/L

(38-126), нормокалциурија 2.11mmol/L (1.30-10), хипонатриурија 51mmool/L (100-220), креатинин 51.6mmol/L (45-109). Тироидна функција беше со уреден наод TSH 0.52mU/L (0.27-4.20), fT4 13.3mol/L (10.30-24.45). Дензитометријата беше со уреден наод. Ртг наод на шаки, калварија и лицеви коски беше со уреден наод. Двофазен скен на паратироидни жлезди со Tc99m-MIBI на SPECT/CT покажа ретенција на трасер во долен пол на лев лобус, во прилог на аденом на паратироидна жлезда.Пациентката беше упатена на оперативен третман.

Заклучок**.** Рана дијагноза и соодветен третман на ПХПТ во бременост може да спречи компликации и кај мајка и кај плод/новороденче.

PRIMARY HYPERPARATHYROIDISM IN PREGNANCY

K.Adamova, I.M.Stojkoska, I.Bitoska, B.Todorova

Clinic of endocrinology, Diabetes and Metabolic disorders, Skopje, Republic of Macedonia

Introduction. Primary hyperparathyroidism (PHPT) is endocrine disease, characterized by hyperproduction of parathyroid hormone (PTH) and hypercalcemia. PHPT is rare during pregnancy and left untreated represents a threat to the health of both mother and fetus. **Case report.** The patient was admitted at the Clinic of endocrinology in Skopje 21day after giving birth, for evaluation, after her newborn presented with hypocalcemic convulsions and apneas. Laboratory results showed high level of PTH 123,3pg/ml (15–65 pg/ml), hypercalcemia with total Ca 2.77mmol/L, 2.63mmol/L (2.10-2.55), high level of ionzed Ca++ 1.58mmol/L (1.10-1.40), normocalciuria 2.11mmol/L (1.30-10), hyponatriuria 51mmool/L (100-220), AlkP 75U/L (38-126), creatinine level 51.6 mmol/l (45–109 mmol/l). Thyroid funcion was normal TSH 0.52mU/L (0.27-4.20), fT4 13.3mol/L (10.30-24.45). Dual-energy X-ray absorptiometry (DXA) was normal. Rtg of calvaria, facial bones and hands was normal. Technetium-99m-MIBI SPECT/CT showed retention of the contrast in the inferior pole of the left thyroid lobus which was positive for adenoma of the left inferior parathyroid gland. Patient was sent to surgical treatment.

Conclusion. Early diagnosis and medical treatment in PHPT during pregnancy may prevent maternal and fetal complications.

28

ПРОГНОСТИЧКИ ФАКТОРИ КАЈ ТИРОИДНИТЕ КАРЦИНОМИ

Т. Маказлиева[1], О. Васкова[1], Н. Маневска[1], С. Стојаноски[1], Д. Миладинова[1], В. Велиќ Стефановска[2]

[1]Институт за патофизиологија и нуклеарна медицина, „Акад. Исак С. Таџер“ Медицински факултет, Скопје, Македонија

[2]Институт за епидемиологија и статистика со медицинска информатика, Медицински факултет, Скопје, Македонија

Вовед: Тироидните карциноми (ТК) вообичаено потекнуваат од фоликуларните епителни клетки. Поретки варијанти се медуларните ТК од неуроендокрино

потекло, тироидните лимфоми и саркоми. Целта во нашата студија беше да се процени времето на преживување на сите ТК за период 1999-2015 и да се направи анализа на прогностичките ефекти на неколку параметри.

Материјали и методи: Спроведовме ретроспективна анализа на медицинските податоци за сите ТК во периодот 1999-2015. Времето на преживување беше пресметано со Kaplan Meier метод. Спроведовме и универијантна анализа на прогностичкото значење на неколку параметри и тоа: возраст, пол, иницијално зафаќање на лимфни јазли, број и вкупна доза на радиојодни терапии, период од хирургија до аблација и хистопатолошки тип на ТК.

Резултати: Од вкупно 422/377 ТК случаи беа со соодветно следење и беа вклучени во евалуацијата. Подолго од 200 месеци преживување имаше кај 98% од пациентите со Ca papillare, споредено со над 160 месеци преживување кај 59% од пациентите со Ca folliculare. Возраст>45, сигнификантно ја зголеми веројатноста за смртен исход за 42,9%/месец, како и иницијалното засегање на лимфни јазли со зголемување на веројатноста за смртен исход за 46,7%/месец.

Заклучок: Проценката на просечното време на преживување за сите ТК изнесуваше 212,99 [95% CI (204,6 – 221,4)] месеци, најдобра прогноза беше добиена за Ca papillare, најлоша за мешаната група на други поретки типови на тумори. Четири параметри беа селектирани со Cox - proportional модел како сигнификантни поединечни прогностички предиктори и тоа: возраст, инцијално инволвирање на лимфни јазли, број на радиојодни терапии и хистопатолошки тип на тумор.

Клучни зборови: Тироидни карциноми, преживување, прогностички фактори

PROGNOSTIC FACTORS IN THYROID CARCINOMAS

T Makazlieva[1], O Vaskova[1], N Manevska[1], S Stojanoski[1], D Miladinova[1], V Velijk Stefanovska[2]

[1]Institute of Pathophysiology and Nuclear Medicine, "Acad. Isak S. Tadzer", Medical faculty, Skopje, Macedonia

[2]Institute of Epidemiology and Statistics with Medical Informatics, Skopje, Macedonia

Introduction: Thyroid carcinomas (TC) usually arise from follicular epithelial cells. Less frequent are medullary TC from neuroendocrine origin, thyroid lymphomas and sarcomas. The aim of our study was to evaluate the survival rate of all TC cases in period 1999-2015 and to analyze the prognostic effect of several factors.

Material and methods: Retrospective analysis of medical data from all TC for period 1999 – 2015 was done. Survival rate of all types of TC, using Kaplan Meier method was estimated. We have conducted univariate analysis of: age, gender, initial lymph node involvement, number and total dose of radioiodine therapy, period from surgery to ablation and histopathology type of the tumor as prognostic factors in survival.

Results: From total number of 422/337 TC cases had appropriate parameters and were included in the evaluation. More than 200 months – survival had 98% of

patients with Ca papillare, compared to more than 160 months – survival of 59% of patients with Ca folliculare. Age >45, significantly increased probability for death events for 42,9%/month as well as initial lymph node involvement with increased probability for death events for 46,7%/month.

Conclusion: Estimation of average survival time of all TC patients was 212,99 [95% CI (204,6 – 221,4)] months, Ca papillare had the best prognosis, while worst the mixed group of other thyroid tumors. Four categories: age, initial lymph node involvement, number of radioiodine therapies and histopathology type of the tumor were selected by Cox - proportional model as single significant predictors for prognosis and survival rate.

Key words: Thyroid carcinomas, survival rate, prognostic factors

29

СУПКЛИНИЧКИ И МАНИФЕСТЕН ХИПОТИРОИДИЗАМ ВО БРЕМЕНОСТ – НЕСАКАНИ ИСХОДИ КАЈ НОВОРОДЕНОТО

С. Јовановска Мишевска, Г. Пемовска, Б. Крстевска, Т. Миленковиќ, И. Битоска, Б. Тодорова, К. Адамова, И. Ахмети, С. Шубеска Стратрова, Н. Божиновска

Универзитетска клиника за ендокринологија, дијабетес и метаболички нарушувања Скопје

Вовед: Хипотироидизмот е поврзан со зголемен ризик од несакани исходи кај мајката и новороденото, вклучувајќи спонтан абортус, преeклампсија, предвремено породување, ниска родилна тежина и нарушен невропсихолошки развој кај новороденото. Цел: Да се евалуираат несаканите исходи кај новородените од мајки со манифестен (ОН) и супклинички хипотироидизам (SCH) за време на бременоста.

Материјал и методи: Направена беше ретроспективна студија на 36 жени со примарен хипотироидизам и бременост, на супституција со левотироксин, третирани на Универзитетската клиника за ендокринологија, дијабетес и метаболички нарушувања. Во текот на бременоста беа следени серумските концентрации на TSH, fT4 и анти-TPO антитела. Сите фетални / неонатални компликации беа забележани.

Резултати: Хипотироидизам бил дијагностициран пред бременоста кај 64% од жените, додека кај 36% хипотироидизам беше дијагностициран за време на бременоста. Кај 57% имаше SCH, додека 43% беа со манифестен хипотироидизам. Нотирана е оптимизација на TSH вредностите во вториот триместар од бременоста, која се одржува и во третиот триместар (6,86 ± 1,07 mU / l, 2,49 ± 1,78 mU / l и 1,02 ± 0,53 mU / l последователно), со нормални вредности на fT4 (11,55 ± 0,63 pmol / l, 13,71 ± 2,75 pmol / l и 13,69 ± 2,87 pmol / l последователно). Несаканите исходи кај новородените од мајки со SCH и ОН вклучуваа предвремено раѓање (14%) и ниска родилна тежина (14%), со Апгар скор на новороденчиња од 8,83 ± 0,4.

Заклучок: Присуството на хипотироидизам за време на бременоста во нашата студија беше поврзано со негативни неонатални исходи. Раната

соодветна супституциона терапија е особено битна кај бремени жени со манифестен хипотироидизам.

SUBCLINICAL AND OVERT HYPOTHYROIDISM IN PREGNANCY – ADVERSE NEONATAL OUTCOMES

S. Jovanovska Mishevska, G. Pemovska, B. Krstevska, T. Milenkovic, I. Bitoska, B. Todorova, K. Adamova, I. Ahmeti, S. Shubeska Stratrova, N. Bozhiniovska

University Clinic of Endocrinology, Diabetes and Metabolic Disorders, Skopje

Background: Hypothyroidism is associated with an increased risk of adverse maternal and neonatal outcomes, including miscarriage, pre-eclampsia, premature delivery, low birth weight and impaired neuropsychological development of offspring.

Aim: To evaluate the adverse fetal outcomes in women with overt (OH) and subclinical hypothyroidism (SCH) during pregnancy.

Material and methods: This retrospective study included 36 women with singleton pregnancies and primary hypothyroidism on levothyroxine replacement, treated at the University clinic of Endocrinology, diabetes and metabolic disorders. Maternal serum TSH, fT4 and anti-TPO antibodies were monitored throughout pregnancy. All fetal/neonatal complications were recorded.

Results: Hypothyroidism was diagnosed prior to the pregnancy in 64% of women, while in 36% hypothyroidism was diagnosed during the pregnancy. SCH was diagnosed in 57%, while 43% had overt hypothyroidism. Optimization of TSH values was observed in the second trimester of pregnancy and maintained throughout the pregnancy (6,86±1,07 mU/l; 2,49±1,78 mU/l and 1,02±0,53 mU/l consecutively) , with normal fT4 values (11,55±0.63 pmol/l ; 13,71±2,75 pmol/l and 13,69±2,87 pmol/l consecutively). Adverse neonatal outcomes in SCH and OH included preterm birth (14%) and low birth weight (14 %), with Apgar score of the neonates of 8,83±0,4.

Conclusion: The presence of hypothyroidism during pregnancy in our study was associated with adverse neonatal outcomes. Early adequate replacement therapy is especially important in pregnant women presenting with overt hypothyroidism.

30

СУПЛЕМЕНТАЦИЈАТА СО СЕЛЕН ГИ ПОДОБРУВА НИСКИТЕ КОНЦЕНТРАЦИИ НА ФТ3 КАЈ КЛИНИЧКИ ХИПОТИРОИДЕН ПАЦИЕНТ – ПРИКАЗ НА СЛУЧАЈ

С.Стојаноски, Н.Маневска, Т.Маказлиева

Институт за патофизиологија и нуклеарна медицина, „Акад. Исак С. Таџер“ Медицински факултет, Скопје, Македонија

Вовед: Тироидната жлезда се карактеризира со висока концентрација на селен вклучен во селенопротеините. Бидејќи е есенцијално соединение на јодотиронински дејодинази, селенот игра клучна улога во метаболизмот на тироидните хормони. Дефицитот на

селен може да резултира со нарушена активност на дејодиназите, со што се менуваат серумските концентрации на тироидните хормони и тиреостимулирачкиот хормон (ТСХ).

Приказ на случај: 56-годишна жена со претходна историја на хронична ренална инсуфициенција, покажа зголемени серумски концентрации на FT4 и TSH (што укажува на можен секундарен хипертироидизам). Ултрасонографијата покажа зголемена тироидна жлезда, со хипоехогена, нехомогена структура, во прилог на можен хроничен воспалителен тироидит. Клинички, пациентот беше со хипотироиден аспект, со симптоми на хипотироидизам (спротивно на лабораториските наоди). МНР исклучи аденом на хипофизата. Антителата на тироидната жлезда беа позитивни (аТРО и аТg). Беа забележани ниски серумски концентрации на FT3, кои се во корелација со клинички наоди на хипотироидизам. По дадена левотироксин супституција, нивоата на TSH останаа покачени, додека нивото на FT3 остана ниско. Нивоата на реверзен Т3 беа во рамките на нормалниот опсег. Поставено беше сомнение за дефект на конверзија, поради можна промена на активноста на дејодиназата. По 6 месечна суплементарна терапија со селен се нормализираа серумските концентрации на FT4, FT3 и TSH и се повлекоа симптомите.

Заклучок: Периферната конверзија на прохормонот Т4 во активна форма Т3 е зависна од селен, бидејќи селенот е суштинска компонента на јодотиронински дејодинази. Дефицитот на селен може да резултира со хипотироидизам кај инаку функционална тироидна жлезда.

Клучни зборови: селен, дејодиназа, периферна конверзија, хипотироидизам

SELENIUM SUPPLEMENTATION IMPROVES LOW FT3 CONCENTRATIONS IN A CLINICALLY HYPOTHYROID PATIENT – CASE REPORT

Stojanoski Sinisa, Manevska Nevena, Makazlieva Tanja

Institute of Pathophysiology and Nuclear Medicine, "Acad. Isak S. Tadzer", Medical faculty, Skopje, Macedonia

Introduction: The thyroid gland is characterized with high concentration of selenium incorporated into selenoproteins. Being an essential compound of iodothyronine deiodinases, selenium plays crucial role in the metabolism of thyroid hormones. Selenium deficiency may result in impaired deiodinase activity, thus altering the serum concentrations of thyroid hormones and TSH.

Case report: 56 years old female patient, with previous history of chronic renal failure, presented elevated serum concentrations of FT4 and TSH (indicating possible secondary hyperthyroidism). Ultrasonography showed enlarged thyroid gland, with hipoechoic, non - homogenous structure, indicating possible chronic inflammatory thyroiditis. Clinically, the patient had hypothyroid aspect, complaining of symptoms indicating hypothyroidism (in contrast with the laboratory findings). MRI excluded pituitary adenoma. Thyroid antibodies were positive (both aTPO and aTg). Low FT3 serum concentrations were noted, which correlated with the hypothyroid clinical

findings. Levothyroxine substitution was administered, but TSH levels remained elevated, while FT3 levels remained low. Reverse T3 levels were within normal range. Conversion defect, due to altered deiodinase activity was suspected. Selenium supplementation was administered and after 6 months, FT4, FT3 and TSH serum concentrations normalised and the symptoms of hypothyroidism diminished.

Conclusion: peripheral conversion of prohormone T4 into active T3 form is selenium dependant since it's an essential compound of iodothyronine deiodinases. Selenium deficiency can result in hypothyroidism in otherwise functional thyroid gland.

Key words: selenium, deiodinase, peripheral conversion, hypothyroidism

31

ТЕРАПИСКИ МОЖНОСТИ ВО ТРЕТМАН НА ДИЈАБЕТИЧКА РЕТИНОПАТИЈА

Ф. Гилевска

ПЗУ Систина Офталмологија, Скопје

Цел на оваа студија е да се споредат различни видови на третман на дијабетичка ретинопатија

Материјали и Методи: 46 очи со умерена и тешка форма на дијабетичка ретинопатија (ДР) со макуларен едем (МЕ) и 28 очи со умерена и тешка ДР без МЕ. Сите пациенти подлегнаа на комплетен офталмолошки преглед: Видна острина (ВО), мерење на интраокуларен притисок, гониоскопија, преглед на очното дно со голдман – три огледална призма и Панфундоскоп, ОЦТ за скрининг на МЕ. Тераписките можности вклучија интравитреална апликација на 2 мг Афлиберцепт или 1.25мг Бевацизумаб и ласерфотокоагулација на ретина со зелен ласер (532 нм Алкон Пурпоинт).

Резултати: 18 очи од групата со МЕ третирани со Афлиберцепт и 22 очи третирани со Бевацизумаб, по периодот од ударна доза од 3 инекции (секој месец по една) и период на пролонгирана апликација (на секој 2 месеци по една), покажаа подобрување на видната острина за 10-12 букви на ЕТДРС скалата и 6-7 букви на ЕТДРС скалата соодвдтно. Очите третирани само со ласерфотокоагулација покажаа иницијално влошувањена видната острина и секундарно подобрување за 3-4 букви. Од групата без макуларен едем, клиничкиот наод покажа подобрување по третманот со Афлиберцепт, но не и по третманот со Бевацизумаб и ласер.

Дискусија: Афлиберцепт се покажа како супериорен во третманот на ДР со МЕ , но покажа и дека ДР може да биде реверзибилна болест. Прв пат во третманот на ДР можеме да зачекориме наназад во текот на болеста и имаме втора шанса за подобра систмеска регулација на шеќерот

DIABETIC RETINOPATHY TREATMENT OPTIONS

F. Gilevska

Sistina Ophthalmology Hospital, Skopje

Purpose of the study is to compare different treatment options for diabetic retinopathy

Materials and Method: 46 eyes with moderate and severe diabetic retinopathy (DR) with macular edema (ME) and 28 eyes with moderate to severe DR without ME. All the patients were evaluated with complete ophthalmologic examination: Visual acuity (VA) testing, IOP measurement, gonioscopy, Fundus examination using three mirror Goldman lens and Panfundoscopy lens, OCT examination for ME screening was performed. Treatment options included Intravitreal application of 2mg Aflibercept or 1.25mg Bevacizumab and retinal laser photocoagulation with green laser (Alcon Purepoint 532 nm).

Results: 18 eyes from the group with ME treated with Aflibercept, and 22 eyes treated with Bevacizumab following the protocol of loading dose (3 intravitreal injections in the intervals of 4 weeks), than 3 more doses in prolonged period (every 2 months) showed improvement in the VA of 10 -12 letters and 6-7 letters respectively on the ETDRS scale. 6 Eyes treated with laser photocoagulation alone after initial VA worsening showed 3-4 letters of improvement. From the group without ME, there was improvement of the clinical finding on the retina in the group treated with Aflibercept, but not in Bevacizumab and focal laser group.

Discussion: Aflibercept shows superiority in the treatment of Diabetic ME and also demonstrated that DR can be reversible disease. For the first time in the treatment of DR we can step back in the disease progression and have a second chance for better glucose control.

32

ТИП 2 ДИЈАБЕТЕС МЕЛИТУС И КАРДИОВАСКУЛАРЕН РИЗИК

А. Куртоски

ЈЗУ Општа Болница Дебар, Центар за Дијабетес Мелитус

Главната придобивка од намалувањето на хипергликемијата во Тип 2 дијабетес (Т2Д) е спречување на долгорочни микроваскуларни компликации, а во помала мера, макроваскуларни компликации. Болни со Т2Д имаат 2-3 пати поголем ризик од појава на кардиоваскуларни болести)КВБ во споредба со лица без дијабетес, а КВБ е одговорна за ~80% од морталитетот во Т2Д .

Во ретроспективната анализа на податоците вклучени се 99 пациенти.Сите се со Тип 2 Д и БМИ поголем од 30кг/м2.Кардиоваскуларниот ризик пресметуван е по UKPDS ризик калкулатор. Пресметан е КВР за сите пациенти, направена е споредба на КВР по пол, возраст,траење на ДМ, вредноста на систолниот крвен притисок, нивото на в. холестерол и нивото на гликолизираниот хемоглобин.

Добиените вредности: возраст 64,5 год., времетраење на ДМ од11,4 год.

97/бело етничко потекло,2/азиско, ,9 пушачи,21/екс пушачи,69/непушачи,5 со атријална фибрила ција,94 без фибрилација ,HbA_{1c}-8.35%,в. хол-5,26,хдл-1,13,систолен КП-160ммхг, БМИ-34кг/м2.Вкупниот chd-30.8%, f.chd-24.8%, storke-20.1%,f.storke-3.9%, вредностите за chd i f.chd, се повисоки кај мажите а ,изедначени се за мозочен и фатален мозочен удар. Калкулираниот КВ ризик за вредности на в. хол. < 3 iznesuva:chd-19.8%,f.chd-15.9,storke-14.6%,f,storke-2.6%,за вредности на в.хол.6-7, изнесува: chd-32.3%,f.chd-27.7%,storke-21.3% ,f.storke-4.5%. Влијанието на систолниот крвен притисок (скп):<120 ммхг:chd-18.5%, f.chd-12.7%,storke-8.2%,f.storke-0.95%, за скп 180-200mmhg:chd-31.2%, f.chd;25.9%. storke-23.3% .f.storke-6%.КВ ризик во зависност од нивото на ХбА1ц за вредности <6.0%,:chd-28%. f.chd-20%,storke-19.4%.f.storke-4.5%. за вредности на ХбА1ц 8-9%, chd-26%, f.chd-21%, storke-19,9%,f.storke-4,1%, Клиничките испитувања покажуваат дека намалувањето на ХбА1ц кај пациенти Т2ДМ има само скромни ефект на намалување на ризикот од КВБ. Спротивно на тоа, корекцијата на КП и холестеролот, значително го намалуваат ризикот од КВБ и морталитетот кај пациенти со Т2Д.

TYPE 2 DIABETES MELLITUS AND CARDIOVASCULAR RISK

A. Kurtoski

General hospital Debar, Center for diabetes mellitus

The main benefit of reducing hyperglycemia in Type 2 diabetes (T2D) is the prevention of long-term microvascular complications, and to a lesser extent, macrovascular complications. T2D patients have 2-3 times higher risk of cardiovascular disease, CVD compared to people without diabetes, and the CVD is responsible for ~ 80% of T2D mortality.

The retrospective data analysis involves 99 patients. All of them are diagnosed Type 2D and BMI higher than 30 kg / m2.The Cardiovascular risk is calculated according to the UKPDS risk calculator. CVR is calculated for all patients, a comparison of CVR is made by gender, age, duration of DM, the value of systolic blood pressure, the level of t. cholesterol and the level of glycosylated hemoglobin.

The values obtained: age 64.5 years, duration of DM from 11.4 years. 97/ white ethnic origin, 2/Asian,9 smokers, 21/ex smokers, 69/non-smokers, 5 with atrial fibrillation, 94 without fibrillation, HbA_{1c}-8.35%, t.hol-5.26, hdl- 1,13, systolic BP-160mmhg, BMI-34kg/m2. Total chd-30.8%, f.chd-24.8%, storke-20.1%, f.stores-3.9%, chd and f.chd values are higher for male but for brain and fatal stroke are equal. The Calculated CV risk for values of t. chol. <3 is: chd-19.8%, f.chd-15.9, stroke-14.6%, f, storke-2.6%, for values of t.chol. 6-7, is: chd-32.3%, f.chd-27.7% , stork-21.3%, f.storke-4.5%. The Influence of systolic blood pressure(sbp): <120 mmhg: chd-18.5%, f.chd-12.7%, storke-8.2%, f.storke-0.95%, for sbp 180-200mmhg: chd-31.2%, f.chd ; 25.9%. storke-23.3% .f. storke-6% .CV risk depending on the level of HbA_{1c} for values <6.0%,: chd-28%. f.chd-20%, storke-19.4% .f.storke-4.5%. for values of HbA_{1c} 8-9%, chd-26%, f.chd-21%, storke-19,9%, f.storke-4,1%, Clinical re-

searches have shown that the reduction in HbA_{1c} in patients with T2DM has only a modest effect on reducing the risk of CVD. Opposite of it, BP correction and cholesterol significantly reduce the risk of CVD and mortality in patients with T2D.

33

ТИРОИДНА ДИСФУНКЦИЈА КАЈ ПАЦИЕНТКА СО МЕТАБОЛЕН СИНДРОМ

Ј. Двојакова Маркоски

ЈЗУ Здравствен дом Железничар Скопје

Вовед: Метаболниот синдром претставува група на најмалку три од следните пет состојби: покачен крвен притисок > 130/85 ммХг или веке постоечка терапија, покачено ниво на гликемија на гладно > 6.1 ммол/л или веке постоечка терапија, серумски триглицериди > 1.7 ммол/л, серумски ХДЛ < 1 ммол/л (мажи)/ <1.3 ммол/л (жени) и обем на појас > 102 кај мажи/ >88 цм кај жени. Тироидната дисфункција, особено субклиничкиот хипотироидизам е чест помеѓу пациентите со метаболен синдром и е поврзан со одредени негови компоненти (обем на појас и ХДЛ - холестерол)

Приказ на случај: Пациентка С.Ц. на 60 годишна возраст консултира поради нерегулирани вредности на артериска тензија (ТА). На преглед измерена ТА 160/100 ммХг, ЕКГ без знаци за акутно срцево страдање, аускултаторно уреден наод. Физикален наод. Висина 168 цм, телесна тежина 97 кг, БМИ 34.4 (обезитас). Обем на појас 93 цм. На вратот акантозис нигриканс.

Од назначени лабораториски анализи: ТХ 6.0 ммол/л, ЛДЛ 4.1 ммол/л, ХДЛ 1.0 ммол/л, ТГ 2.2 ммол/л, ТСХ 10.4 мИУ/л, фТ4 13.4 пмол/л, аТПО <10, инсулин 30.1. ХОМА ИР 8.7

Освен интензивираната антихипертензивна терапија беше започната терапија со Табл. Левотироксин 50 мцг 1х1 и Табл. Метформин 500 мг 2х1. Назначен хигиено-диететски режим.

Резултати: Пациентката беше повикана на контролен преглед по 2 месеци. На преглед ТА 135/85 ммХг. ТТ 92 кг. Контролни лабораториски анализи: ТСХ 5.0 мИУ/л, инсулин 18, уреден липиден статус .

Заклучок. Постои сигнификантна асоцијација помеѓу метаболниот синдром и хипотиреозата. Се советува рутинска проверка на тироиден статус и инсулинемија кај пациенти дијагностицирани со метаболен синдром.

THYROID DYSFUNCTION IN A PATIENT WITH A METABOLIC SYNDROME

J. Dvojakova Markoski

Public Health Care Center Zeleznicar, Skopje

Introduction: The metabolic syndrome is a cluster of at least three of the following five conditions: high blood pressure> 130/85 mmHg or already existing therapy, fasting glicemia> 6.1 mmol / L or already existing therapy, serum triglycerides> 1.7 mmol / l, serum HDL <1 mmol / l (men) / <1.3 mmol / l (women) and waist circumference > 102 in men /> 88 cm in women. Thyroid dysfunction, particularly subclin-

ical hypothyroidism, is common among patients with metabolic syndrome and is associated with certain of its components (waist circumference and HDL cholesterol)

Case Report: The patient S.C. at the age of 60, calls for consultations due to unregulated values of arterial tension (TA). At the examination TA 160/100 mmHg, ECG without signs of acute heart failure, normal auscultatory finding. Physical finding. Height 168 cm, body weight 97 kg, BMI 34.4 (obesitas). Waist circumference 93 cm. On the neck acanthosis nigricans.

Designated laboratory analyzes: TH 6.0 mmol/l, LDL 4.1 mmol/l, HDL 1.0 mmol/l, TG 2.2 mmol/l, TSH 10.4 mIU/l, fT4 13.4 pmol/l, ATPO, 10, insulin 30.1. In addition to intensified antihypertensive therapy, therapy was started with Tabl. Levothyroxine 50 mcg 1 x 1 and Tabl. Metformin 500 mg 2x1. Prescribed hygiene-dietary regime.

Results: The patient was called for a follow-up after 2 months. At the examination TA 135/85 mmHg. TT 92 kg. Control laboratory assays: TSH 5.0, Insulin 18.

Conclusion. There is a significant association between metabolic syndrome and hypothyroidism. It is advisible a routine examination of thyroid status and insulinemia in patients diagnosed with metabolic syndrome.

34

ТИРОТОКСИКОЗА И ДЕПРЕСИЈА - ПРИКАЗ НА СЛУЧАЈ

Михајловска Ј. [1], Дурмиши Н. [2], Пемовска Г. [1], Ахмети И.[1]

[1] Универзитетска Клиника за Ендокринологија, Дијабет и Метаболни нарушувања, Универзитет "Св. Кирил и Методиј"- Скопје, Медицински факултет.

[2] Универзитетска Клиника за Психијатрија, Универзитет "Св. Кирил и Методиј"- Скопје, Медицински факултет.

Вовед: Не ретко пациентите со хипертиреоза можат бидат непрепознаени и да се дијагностицираат и третираат како психијатриски пациенти. Ендокринологијата и психијатријата се две гранки кои се тесно поврзани меѓу себе во поглед на сличната симптоматологија.

Приказ на случај: Пациентка на 48 годишна возраст, астенична, се јавува првично на Ургентен центар во регионалната болница заради пристапи на вртоглавица со губиток на свест, тахикардија, покачен крвен притисок и респираторни потешкотии. Била хоспитализирана на одделот за Интерни болести. Во тек на хоспитализација ординирана анти-депресивна, анксиолитична и брзоделувачка анксиолитична терапија (хипнотик) од психијатар, блокатор на Са- канали, како и бронходилататорна терапија. Пациентката се јавува на Клиника за Психијатрија, каде по направениот преглед е утврдена општа потхранетост со феноменолошка кахексија (<40 kg) и совет

за иследување на тироидната функција, по што е препратена на Клиника за Ендокринологија за понатамошни иследувања. Направени дијагностички лабораториски и хормонални иследувања и ултрасонографија на тироидна жлезда.

Резултати: Вредности на тироидните хормони - TSH <0.004, FT4 77.2. Ехо на тироидна жлезда - хетерогена, дифузно зголемена со хипоехогени зони. Резултати во прилог на тиреотоксикоза. Пет месеци од воведената терапија, пациентката објективно стабилна со нормализирање на телесната тежина и апетит. Од хормонален статус TSH 2.9, FT4 11.9

Заклучок: Потешкотиите во дијагностиката на тироидните заболувања се јавуваат како резултат на тоа дека голем дел од пациентите имаат психијатриски симптоми. Затоа е потребно тироидните заболувања да бидат диференцијално дијагностички вклучени кај многу психијатриски заболувања.

Клучни зборови: тиротоксикоза, депресија, кахексија

THYROTOXICOSIS AND DEPRESSION - A CASE REPORT

Mihajlovska D. [1], Durmishi N. [2], Pemovska G. [1], Ahmeti I.[1]

[1] University Clinic of Endocrinology, Diabetes and Metabolic Disorders, University Sts Cyrillus and Methodius Skopje, Medical Faculty.

[2] University Clinic of Psychiatry, University Sts Cyrillus and Methodius Skopje, Medical Faculty.

Introduction: Patients with hyperthyroidism may often be unrecognized, diagnosed and treated as psychiatric patients. Endocrinology and psychiatry are two branches that are closely related to each other in relation to similar symptomatology.

Case Report: A 48-year-old patient, asthenic, initially examined at the Emergency Center in the regional hospital presented with dizziness and loss of consciousness, tachycardia, elevated blood pressure and respiratory difficulties. She was hospitalized at the Department of Internal Diseases. During the hospitalization, an anti-depressant, anxiolytic and fast-acting anxiolytic therapy (hypnotic) from a psychiatrist, a Ca-channel blocker, and bronchodilator therapy was applied. The patient was also examined at the University Clinic of Psychiatry where general undernutrition with cachexia have been determined. The patient was forwarded to the University Clinic of Endocrinology with an recommendation for examination of the thyroid function and for further investigations. Diagnostic laboratory and hormonal investigations were performed as well as ultrasonography of the thyroid gland.

Results: Thyroid hormone values - TSH <0.004, FT4 77.2. Ultrasonography of the thyroid gland - heterogeneous, diffusely enlarged with hypoehuenous zones. These results indicated that patients' symptoms were caused by thyrotoxicosis. Five months after included therapy, the patient was objectively stable with normalization of weight and appetite. Test results from the hormonal status were TSH 2.9, FT4 11.9

Conclusion: Difficulties in the diagnosis of thyroid diseases arise as a result of the fact that many patients have psychiatric symptoms. It is therefore necessary that thyroid diseases are considered in the differential diagnosis in many psychiatric disorders.

Keywords: thyrotoxicosis, depression, cachexia

35

